| | |
|---|---|
| Проект: | **ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА “БЛОКОТЕХНА” КО НЕГОРЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2024-2029** |
| Нарачател: | **ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА** |
| Локација: | **ИНДУСТРИСКА ЗОНА “БЛОКОТЕХНА” КО НЕГОРЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА** |

Јули 2026 година

# Содржина

**ВОВЕД** ..... 4

**1. ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ** ..... 6

*1.1 Цели на заштита на животната средина* ..... 7

*1.2 Специфични цели на Стратегиската оцена* ..... 9

*1.3 Употребена методологија* ..... 11

*1.4 Законодавна рамка* ..... 12

*1.5 Институционална рамка* ..... 15

*1.6 Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина* ..... 17

*1.7 Резиме* ..... 17

**2. ПРЕГЛЕД НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ** ..... 18

*2.1 Основи на Планскиот документ* ..... 18

*2.2 Плански опфат* ..... 21

*2.2.1 Проектни барања за градбите во проектниот опфат* ..... 24

*а) Општи услови за градба, развој и користење на земјиштето и градбите* ..... 24

*б) Посебни услови за изградба* ..... 28

**3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОСТОРОТ И СЕГАШНА СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** 33

*3.1 Карактеристики на просторот* ..... 33

*3.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат* ..... 34

*3.3 Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат* ..... 36

**4. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ** ..... 40

**5. АЛТЕРНАТИВИ И ЧИНИТЕЛИ ЗА ИЗБОР НА АЛТЕРНАТИВА** ..... 41

**6. ПРЕТПОСТАВЕНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** ..... 42

**7. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И НЕУТРАЛИЗИРАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ** ..... 48

**8. ПЛАН НА МЕРКИ ЗА МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** ..... 55

*8.1 План за мониторинг на животната средина* ..... 57

**9. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОК** ..... 61

**10. ПРИЛОЗИ** ..... 65

**Прилог 1** **Решение за услови за планирање на просторот**

**Прилог 2** **Услови за планирање на просторот**

**Прилог 3** **Извод од просторен план – користење на земјиштето**

**Прилог 4** **Извод од просторен план – систем на населби и сообраќајна мрежа**

**Прилог 5** **Извод од просторен план – водостопанска и енергетска инфраструктура**

**Прилог 6 Извод од просторен план – реонизација и категоризација на просторот за заштита**

**Прилог 7 Местоположба на локацијата и ружа на ветрови**

**Прилог 8 Извод од ДУП**

**Прилог 9 Одговор од НОМА ГАС Скопје**

**Прилог 10 Мислење од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје**

**Прилог 11 Мислење од Македонски Телеком АД**

**Прилог 12 Мислење од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје**

**Прилог 13 Мислење од Агенција за цивилно воздухопловство**

**Прилог 14 Одговор од АД МЕПСО**

**Прилог 15 Мислење од Управа за заштита на културно наследство**

**Прилог 16 Мислење од ЈПДП**

**Прилог 17 Мислење од ЕСМ**

**Прилог 18 Мислење од МЖСПП од аспект на заштита на водите**

**Прилог 20 Одлука и решение за спроведување СЕА**

**Прилог 21 Предлог план и план за намена на земјиштето**

**Прилог 22 Уверение за положен стручен испит за стекнување статус експерт за стратегиска оцена на животната средина**

# Вовед

Урбанистичко проектната документација се изработува согласно член 58 и член 59 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 32/20). Предмет на изработка е УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА “БЛОКОТЕХНА” КО НЕГОРЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2024-2029. Оваа проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација.

Оцената на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина и здравјето на луѓето е постапка со која се проценуваат влијанијата врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на предложените плански документи, со цел потенцијалните влијанија да бидат земени во предвид уште во најраната фаза на донесувањето на одлуки поврзани со планирањето на просторот.

Спроведувањето на Стратегиската оцена на влијанијата на планскиот документ врз животната средина обезбедува креирање на мерки за заштита на животната средина и здравјето на луѓето во процесот на подготвување и донесување на планските документи преку експертска проценка и вклучување на јавноста пред донесување на истите, а со цел донесување на одржливи плански решенија.

Подготовката на планскиот документ ги дефинира и јасно ги утврдува основните, а со тек на време и реалните цели и правци во доменот на земјоделството, шумарството, енергетиката, индустријата, туризмот, управување со отпадот, управување со водите, просторното и урбанистичко планирање и користење на земјиштето, како и Националниот акционен план за животна средина и локалните акциони планови за животна средина кои ја налага потребата согласно член 65 од Законот за животна средина од спроведување на Стратегиската оцена на влијанието на животната средина на овие плански и програмски решенија и цели.

Стратегиската оцена на на влијанието на животната средина се состои од неколку фази на планирање:

- проверка;
- определување на опфат;
- основни податоци на животната средина;
- оцена;
- подготовка на извештајот за животна средина;
- консултација со засегнатата јавност;
- прифаќање на стратегијата, планот или програмата и
- мониторинг.

При определување на обемот и деталноста на информациите во Извештајот за животна средина, Локалната самоуправа на општина Гевгелија е должна да побара мислење од органите кои се засегнати од реализација на планскиот документ. Исто така, според Архуската Конвенција и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 147/08 и 45/11) член 8, општината е должна да го вклучи учеството на јавноста преку:

- утврдување на динамиката и роковите што ќе бидат реални за ефикасно учество на засегната јавност;
- нацрт-правилата треба да бидат јавно расположливи, и
- на јавноста треба да и се овозможи да го изнесе своето мислење.

**Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена (СЕА) за плански документ кој го подготвува локалната управа (Screening)**




Слика 1 - Шематски приказ на постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (СОВЖС) за плански документ кој го подготвува локалната управа

Министерството за животна средина и просторно планирање јасно ги дефинира основните, а со време и остварливите цели и правци на развојот, особено во поглед на неопходните квалитативни структурни промени и за нив релевантни и адаптибилни решенија и опции. Непосредната поврзаност и меѓусебната условеност помеѓу планскиот опфат и влијанието на животната средина наметнува едновремен, интегрален третман на просторот и дефинирање на долгорочна стратегија за уредување, опремување и користење на просторот и ефикасна заштита на животната средина, природата и културно-историското наследство во регионот.

Правната и административна рамка, која ги опфаќа основните закони, стратешки планови и стандарди на животната средина, како и процедурите за Стратегиска оцена на животна средина обработени се во посебно поглавје од овој Извештај.

Анализата на алтернативите кои се опфатени со овој извештај укажува на потребата од неминовно спроведување на Стратегиската оцена на влијанието врз животната средина во процесот на планирање заради правилна и поефикасна избрана алтернатива. Очекуваните резултати врз животната средина, препораките и мерките за намалување на влијанијата, како и планот за мониторинг се прикажани и објаснети во посебни сегменти од овој Извештај.

Врз основа на прифатена иницијатива, Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2024, 2025 год. и 2026 и Одобрена Планска Програма со Решение бр. 11-74/4 од 04.02.2025година , се пристапува кон изработка на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона "БЛОКОТЕХНА" КО Негорци, Општина Гевгелија. Планскиот документ за Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона "БЛОКОТЕХНА" КО Негорци, Општина Гевгелија, е изработен согласно:

- Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.М. бр. 32/20 , 111/23 , 171/24, 224/24 , 40/25 , 101/25 и 127/25),

- Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ 225/20 , 219/21 , 104/22 , 99/23 , 7/25, , 143/25 , 241/25 и 30/60), за плански период 2024-2029 год.

Планот се изготвува во една фаза:

- Предлог план

Документационата основа претставува основен појдовен елемент во методолошкиот процес на истражување и истата ќе послужи како основа за изработка на Планот. Со анализа на просторот во рамките на опфатот, се добиваат потребните информации за постојната состојба и комуналната опременост па се до можностите за понатамошно користење на просторот.

Документационата основа е изработена врз основа на:

- Ажурирана геодетска подлога изготвена од овластена фирма;
- Теренско снимање на просторот (градежен фонд и население) од страна на стручна екипа на извршителот (состојба 11.2023 година);
- Податоци добиени од комуналните служби;
- Аналитичка обработка на евидентираните податоци;
- Постојна урбанистичка документација.

Со цел навремено да се согледаат евентуалните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, како и социо - економските аспекти од реализација НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА “БЛОКОТЕХНА” КО НЕГОРЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2024-2029, согласно член 65, став 2 од Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15,3 9/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 3/25), се наложи потребата за спроведување на Стратегиска оцена на животната средина.

Извештајот за Стратегиска оцена е потпишан од Експерт за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.

Горенаведениот извештај за стратегиска оцена на животната средина согласно член 66 став (5) од Законот за животна средина е потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина која ја води Министерството за животна средина и просторно планирање.Мерките се предвиден согасно Законот за заштита на животната средина ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 3/25), Законот за води ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/12, 23/13, 163/13, 180/14 и 146/15), Законот за управување со отпад ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 216/21), Законот за заштита на природата ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14 и 146/15), Законот за заштита и спасување ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 178/08, 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14) и Законот за управување со кризи ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15).

## 1. Цели на Планскиот документ

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално и меѓународно ниво, а кои се релевантни за планскиот документ. Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно што се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;

- Достапност до доволни количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад;
- Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет;
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

Просторот кој е предмет на изработка на НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА “БЛОКОТЕХНА” КО НЕГОРЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2024-2029, со својата местоположба припаѓа на територијата на КО Бели, додека административно припаѓа на Општина Гевгелија.

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона “БЛОКОТЕХНА” КО Негорци, Општина Гевгелија, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Гевгелија. Индустриската зона преставува дел од изградена структура и се наоѓа на 1,5km од Гевгелија , меѓу с.Негорци и с.Мрзенци во правец на север-југ.

Границатата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Детален урбанистички план за зона на мало стопанство “Блокотехна”, донесен 1994 година , усогласена согласно Хидролошки Елаборат за определување на ширината на крајбрежниот појас на водотек Серменинска река

Истата се движи како што следи:

- Од север: по граница на плански опфат за ЛУПД за полигон за обука на возачи, и продолжува по граница на катастарски парцели со земјоделско земјиште;
- Од исток: по граница на заштитен појас на автопат А1;
- Од југ: граница на заштитен појас на регулирано корито на Серменинска река согласно “Хидролошки Елаборат за определување на ширината на крајбрежниот појас на водотек Серменинска река”;
- Од запад: по осовина на регионален пат Р1102.

Со планскиот опфат е опфатен дел од КО Негорци, Општина Гевгелија во рамките на опишаните граници и изнесува 237374m², односно 23,73 ha.

Периметарот на проектниот опфат изнесува 2790,38 m’.

## 1.1 Цели на заштита на животната средина

Заштитата на животната средина подразбира множество на различни постапки и мерки кои го спречуваат загрозувањето на животната средина. Под заштита на животната средина се подразбира не само заштита на човекот туку и заштита на билната вегетација и животинскиот свет. Целите на заштитата на животната средина се заштита на здравјето на луѓето, квалитетот на екосистемите, заштита на растителниот и животинскиот свет и културни добра чиј творец е човекот, зачувување на рамнотежата и еколошката стабилност на природата, рационално и адекватно користење на природните ресурси.

Декларацијата за животната средина е донесена на Светската конференција на Обединетите држави во 1972 година. Стокхолмската конференција за човековата средина, одржана 1972 година ја разбудила свеста и го означила почетокот на еколошката ера и истовремено ја иницирала Париската конвенција на Претседатели на Држави и Влади на земјите од Европската економска заедница, одржана истата година. Во усвоената декларација како основна цел на еколошкиот развој се наведува смалување на ризикот во поглед на условите

на живот, подобрување на квалитетот на живеење и да се во остварување на овие цели посебно внимание обрати на заштитата на животната средина. Според тоа, Европското законодавство кое го има усвоено Советот на Европските економски заедници се нагласи гаранцијата на правото на секој граѓанин на чиста и здрава животна средина.

Во текот на 1992 година во сила стапи Базелската Конвенција, чија што цел е смалување на супстанциите одредени како опасен отпад. Во Мај 2004 година стапи во сила и Стокхолмската конвенција за перзистентни органски загадувачи, со кои ги дефинира 12 екстремно отровни органски загадувачи, барајќи нивна редукција или нивно целосно елиминирање.

Меѓународната правна заштита на животната средина се сведува во најголем дел на меѓународно - правна акција против загадувањето. Сепак, меѓународната регулатива во областа на животната средина сеуште не достигнала на ниво кој би овозможил мирен живот на сите живи суштества на нашата планета. Се донесуваат разни протоколи, конвенции, декларации и др.

Република Северна Македонија, во рамките на евроинтеграциските процеси во животната средина има потпишано голем број на меѓународни конвенции, билатерални договори и протоколи и кои заедно со националните прописи ја сочинуваат правната рамка која го уредуваат управувањето со медиумите на животната средина. Во процесот на апркосимацијата на ЕУ законодавство од областа на животната средина преку транспонирање на ЕУ законодавството нашата земја ги има донесено следните закони:

- Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15,39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 3/25);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот отпад ("Службен весник на Република Македонија" бр. 216/21);
- Закон за заштита од бучавата во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 164/15, 63/16 и 113/18) и др.

Процесот на усогласување со законодавството на ЕУ и во сегашно време е во тек, посебно во техничките барања дадени во анексите на ЕУ Директивите. Листата на релевантни закони и релевантни ЕУ Директиви и меѓународни договори се дадени во овој Извештај. Сите обврски што произлегуваат од овие законски и национални стратешки документи, беа анализирани и земени во предвид при дефинирање на основните цели за заштита на животната средина во планскиот опфат при изготвување на овој Извештај.

Како генерални цели утврдени по овие значајни основи се следните:

- Обезбедување на превентивни мерки на заштита на водните ресурси-подземните води од можните загадувачки емисии на материи од реализирање на планскиот опфат;
- Искористување на соларната енергија - како чиста енергија, преку имплементирање на концептот почиста средина;
- Воспоставување на перманентен мониторинг на квалитетот на водата, почвата и воздухот;
- Збогатување на шумскиот фонд преку засадување на појас од соодветни дрвни растенија;
- Сочувување на постојниот биодиверзитет и елиминирање на можните контаминации на истиот и негово исчезнување;
- Воспоставување на перманентна соработка во следењето на состојбите во областа на квалитетот на водата, почвата и другите медиуми во животната средина од страна на локалните и Републичките здраствени институции од аспект на сочувување на здравјето на населението;

- Вклучување на јавноста во процесот на мониторирање на состојбите и донесување на одлуки за медиумите во животната средина;
- Воспоставување на база на податоци за состојбата во секој медиум во животната средина по принципот (движечка сила-притисок-состојба на животната средина-влијание-одговор) на локално и регионално ниво.

Во овој процес се предлага поцелосно имплементирање на горе наведените цели преку реализирање систем на предлог мерки за заштита, одбегнување, намалување, неутрализирање или компензација на негативните влијанија од реализација на предвидените содржини согласно урбанистичкиот план. За таа цел во понатамошниот текст на содржината на овој документ се предлагаат:

- ✓ Технички мерки кои треба да се превземат за време на спроведување на планот;
- ✓ Препораки за подготвување, донесување и дополнување на плановите и програмите во рамките на спроведувањето на законските обврски во животната средина.

Изработка на  Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "Блокотехна" КО Негорци, општина гевгелија плански период 2024-2029 претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:

- заштита на јавниот интерес и сопственичкото право
- хармонизација на просторот
- рационално користење на земјиштето
- зголемување вредноста на земјиштето, недвижностите и другите вредни содржини во просторот
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот
- почитување и заштита на правото на човекот на работапочитување и валоризација на културното и градителското наследство
- вградување придружни содржини на основната наменска употреба на земјиштето
- вградување заштитни мерки
- почитување законски прописи во планирањето
- предвидување мерки за заштита и спасување да ги утврди параметрите кои се потребни за изградба на објектите во опфатот, како и воедно да ги даде и насоките за изработка на Основни проекти за градбите за специфична наменска употреба на земјиштето за градежната парцела.

Програмските содржини на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, структурно се состојат од плански и од проектен дел.

Планскиот дел од урбанистичкиот проект се состои од графички и текстуален дел со нумерички податоци за проектните решенија и содржи: урбанистичко решение на опфатот, регулациско и нивелациско решение, површини за градење со градежни линии, максимална височина изразена во метри, внатрешни сообраќајници, рампи, стационарен сообраќај и водови на инфраструктурата и други детални плански одредби.

Проектниот дел на урбанистички проект ги содржи идејните проекти за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонската, градежната, електротехничката и машинската, во зависност од видот на предметните градби.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план освен плански и од проектен дел содржи и документациона основа на проектниот опфат со сите достапни податоци за постојната состојба што се релевантни за конкретниот проектен зафат и вид на градба.

## 1.2 Специфични цели на Стратегиската оцена

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународната легислатива и се прикажани преку статусот на биолошка разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот:

- Реализацијата на планското решение да обезбеди заштита на животната средина, подобрување на економските услови и зголемување на животниот стандард на населението;
- Правилно управување со просторот заради одржување на видовиот биодиверзитет на флора и фауна и заштита на засегнатите, ретки и ендемични видови;
- Обезбедување на заштитно зеленило во опфатот, со формирање на хортикултурни насади;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на квалитетот на водата;
- Интегрирано управување со отпадот преку исцрпување на сите можности за негово искористување како секундарна суровина и одложување на инертниот отпад на депонија;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;
- Зачувување на културното наследство;
- Зачувување на карактеристиките на пределот и животната средина.

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државни инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетски системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежни објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови и проекти се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови и проекти, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

1. Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
2. Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
3. Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
4. Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

Целите на овој плански документ се компатибилни со целите на следните стратешки документи:

- Управување со отпад;
  - Урбан развој и просторно планирање.
- Заштита на биодиверзитетот;
  - Управување и користење на природните ресурси;
  - Да се зачува биолошката рамнотежа на екосистемите;
  - Подигање на еколошка свест;
  - Примена на алтернативи (обновливи извори на енергија).

Имплементацијата на планската документација ќе биде во корелација со локалните, регионалните, националните и меѓународни документи со цел да бидат постигнати целите и нивните барања.

## 1.3 Употребена методологија




Слика 2 **-** Графички приказ на методологијата за изработка на Извештајот за оцена на животна средина

При подготовката на Извештајот за Стратегиска оцена се креираше методологија компатибилна на карактеристиките на просторот опфатен со планскиот документ, планската задача, достапните стратегии и документи.

При спроведување на постапката етапно беа превземени следните чекори:

- Примарно беа дефинирани целите за заштита на животната средина утврдени во стратешките документи на локално, национално и меѓународно ниво;
- Се оствари разговор со претставник на изработувачот на планскиот документ и претставник од локалната самоуправа за целите на инвестиционите активности и содржините кои ќе бидат опфатени во просторот и нивната разместеност;
- Се направи првичен увид на сегашните состојби во животната средина во анализираниот плански опфат, неговата околина и пошироко;
- Подетално се проучија содржините што се предвидени да се лоцираат во планскиот опфат, урбанистичкиот проект, како и просторната документација, намената и категоријата на земјиштето;
- Детално се разгледаа техничките решенија предвидени за реализација на проектната задача;
- Увид на постојната реализирана урбанистичка состојба на подрачјето дефинирано со планскиот опфат (бесправна градба, сообраќаен пристап и сл.);

- Согледување на можните негативни влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;
- Надминување на негативните влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;
- Предлагање на превентивни и корективни мерки за ублажување евентуалните влијанија по животната средина;
- Вклучување и запознавање на сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот.




Слика 3 - Спроведување на постапка за оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина

При изготвување на планскиот документ користена е стручна литература од оваа област, ЕУ Директивите, националните стратешки документи, релевантна законска регулатива, меѓународни договори, просторни и урбанистички планови и други релеванти за изработка на документот.

## 1.4 Законодавна рамка

Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички план вон населено место за индустриска зона “БЛОКОТЕХНА” КО Негорци, Општина Гевгелија (пл.период 2024-2029) е изработен согласно постојната законска регулатива во животната средина и природата во Република Македонија:

- Закон за Животна средина
- Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15,3 9/16, 99/18, 89/22, 171/22 и 3/25).
- Стратегиска оцена на животната средина

1. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 114/07);
2. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07);
3. Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11);
4. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11);
5. Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Сл. Весник на РМ" бр. 122/11).

- Заштита на природата
  1. Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18).
  2. Закон за квалитет на амбиентниот воздух
  3. Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 100/12-пречистен текст, 10/15 и 146/15).
  4. Закон за урбано зеленило („Сл. Весник на РМ" бр. 11/18 и 42/20).
- Управување со отпад

Закон за управување со отпадот отпад ("Службен весник на Република Македонија" бр. 216/21).

- Заштита од бучава
  1. Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15).
  2. Закон за водите
  3. Закон за води („Сл. Весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21).
  4. Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)
  5. Национален план за управување со отпад (2009-2015)
  6. Закон за заштита и спасување
  7. Закон за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18).
- Просторно планирање
  1. Просторен план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ" бр. 39/04).
  2. Закон за просторно и урбанистичко планирање
  3. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18 и 32/20).
  4. Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18 и 225/20).
  5. Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови („Сл. Весник на РМ" бр. 142/15).

✓ Листа на национална законска регулатива

- Закон за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 39/16 I и 99/18);
- Уредба за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина ("Сл. Весник на

РМ“ бр 36/2012), односно Министерството за животна средина и просторно планирање (“Службен весник на РМ“ бр.80/09);

- Закон за води (Службен весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/12, 23/13, 163/13, 180/14 и 146/15);
- Закон за снабдување со води за пиење и одведување на отпадни урбани води (“Сл. Весник на РМ“ бр.68/05; 28/06; 17/11);
- Закон за управување со отпад отпад ("Службен весник на Република Македонија" бр. 216/21);
- Закон за управување со отпад од пакување и пакување отпад ("Службен весник на Република Македонија" бр. 216/21);
- Правилник за квалитетот на течните горива (“Сл. Весник на РМ“ бр 88/07, 81/09);
- Закон за јавни патишта (“Сл. Весник на РМ“ бр. 84/08; 52/09; 114/09; 23/11);
- Правилник за техничките елементи за изградба и фаза на изведба на јавните патишта и на објектите на патот (“Сл. Весник на РМ“ бр. 110/09);
- Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата (“Сл. Весник на РМ“ бр. 54/07; 86/08; 98/08; 64/09);
- Уредба за гранични вредности на нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (22.06.2005);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (“Сл. Весник на РМ“ бр. 79/07;47/11);
- Правилник за гранични вредности на ниво на бучава во животната средина (“Сл. Весник на РМ“ бр. 147/08);
- Закон за заштита на културното наследство (“Сл. Весник на РМ“ бр. 20/04 и 115/07);
- Закон за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. Весник на РМ“ бр. 51/05, 37/07, 24/08, 91/09, 18/11);
- Закон за градење (“Сл. Весник на РМ“ бр. 130/09; 18/11; 36/11);
- Корисни линкови од веб-страниците на националните институции одговорни за КОВИД 19, достапни се ажурирани информации и препораки:
- Влада на Република Северна Македонија - https://vlada.mk/node/20488?ln=en-gb
- Министерство за здравство - http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/
- Министерство за труд и социјална политика - http://mtsp.gov.mk/covid-19.nspx
- Министерство за транспорт и врски - http://mtc.gov.mk/Preporaki%20od%20Vlada
- Официјална страница за КОВИД – 19 - https://koronavirus.gov.mk/en
- Безбедност и здравје при работа
- Закон за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14 15/15 и 192/15);
- Правилник за минимални барања за здравјето и безбедноста при работа на работно место (Службен весник на РМ бр.154/08, чл.2);
- Правилник за опрема за лична заштита што користи вработени на работа (Службен весник на РМ бр. 92/07, 116/07);
- Правилник за здравјето и безбедноста при работа за работниците изложени на ризик од бучава (Службен весник на РМ бр.21/08);
- Работни услови и работни услови
- Закон за работни односи (Службен весник на РМ бр.158/10);
- Закон за здравје и безбедност при работа (Службен весник на РМ бр. 92/07, 92/07, 163/11, 53/13, 137/13, 23/13, 25/13, 164/13);
- Закон за граѓански организации (Службен весник на РМ бр.52/10);
- Закон за плати (Службен весник на РМ бр. 92/07) и подзаконски акти (бр.121/07 и 92/09);
- Закон за еднакви можности на мажите и жените и Националниот акционен план за родова еднаквост (Службен весник на РМ бр. 48/10);

- Закон за социјална заштита (Службен весник на РМ бр.79/09);
- Закон за заштита на децата (Службен весник на РМ бр. 98/00, 17/03 и 65/04);
- Закон за заштита при работа (Службен весник на РМ бр.13/98);
- Закон за вработување и работа на странци (Службен весник на РМ бр. 70/07);
- Закон за инспекција за спроведување на законите за работни услови и работни услови (Службен весник на РМ бр. 35/97);
- Правилник за минимални барања за безбедност и здравје на вработениот во работните простории (Службен весник на РМ бр. 154/08).

✓ Листа на релевантни ЕУ директиви

Директиви на ЕУ ипфатени во Национална стратегија за апроксимација во животната средина (2008). Релевантни се и нивните измени и дополнувања:

1. Рамковна директива за отпад (2006/12/ЕС)
2. Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/ЕС), дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
3. Директива за озон во амбиентниот воздух 2002/3/ЕС
4. Директива за информирање на корисници (1999/94/ЕС) дополнета со Директивата 2003/73/ЕС
5. Рамковна Директива за вода (2006/60/ЕС) дополнета со Одлуката 2455/2001/ЕС
6. Директива за вода за пиење (98/83/ЕС) дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
7. Директива за испуштање на опасни супстанции во водите (76/464/ЕЕС) дополнета со Директивата (91/692/ЕЕС и 2000/60/ЕС) е биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/ЕС) од 22.12.2007, освен член 6, кој беше отповикан на 22.12.2000.
8. Директива за мерење на квалитетот на водата за пиење (79/869/ЕЕС) дополнета со Директивите 81/855/ЕЕС, 91/692/ЕЕС, и Регулативата (ЕС) 807/2003 ќе биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/ЕС) од 22.12.2007)
9. Директива за подземни води (80/68/ЕЕС) дополнета со Директивата 91/692/ЕЕС
10. Директива за Стратешка оцена на животна средина (2001/42/ЕС)
11. Директива за пристап на информации за животната средина (2003/4/ЕС)

## 1.5 Институционална рамка

Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. Весник на РМ” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) ги дефинира следните надлежности на Министерството за животна средина и просторно планирање:

- следењето на состојбата на животната средина;
- заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување;
- заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области;
- реставрацијата на загадените делови од животната средина;
- предлагањето мерки за третман на цврст отпад;
- просторното планирање;
- просторниот информативен систем;
- надзорот од негова надлежност и
- врши и други работи утврдени со закон.

Законот за организација и работа на органите на државната управа во ова насока на Министерството за животна средина и просторно планирање му дава клучна улога, во процесот на креирање на политиката за заштита на животната средина.

Одредени надлежности во управувањето со животната средина имаат и други органи на државната управа и локалната самоуправа како што се:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за транспорт и врски;
- Институтот за јавно здравје;
- Министерство за здравство;
- Хидрометеролошки Завод, и
- Единиците на локалната самоуправа.

Значајна улога во процесот на донесувањето на законите од областа на животната средина има и Собраниската комисија за транспорт врски и екологија.

Во процесот на Стратегиска оцена на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање има одредени надлежности пропишани со Законот за животната средина, како што се:

- подготовка на решение во оние случаи во кои не се согласува со одлуката за спроведување, односно неспроведување на СОВЖС или со определениот обем на СОВЖС во одлуката;
- подготовка на решение за соодветноста на извештајот на СОВЖС за планскиот документ, и;
- воспоставување и ажурирање на листата на експерти за СОВЖС.

Органи на државната управа/единиците на локална самоуправа кои ги подготвуваат-усвојуваат планските документи согласно Законот за животната средина имаат обврска за:

- подготовка на извештајот за СОВЖС;
- објавување на информации за отпочнувањето на подготвувањето на планските документи и за учество на јавноста во процесот на консултации;
- објавување на информации за нацрт планскиот документ кој се подготвува и за предлог извештајот за СОВЖС;
- подготовка на извештајот од консултацијата со јавноста врз основа на добиените коментари и мислења од јавните консултации;
- комплетирање на извештајот за СОВЖС и на планските документи со добиени мислења и коментари, и
- мониторинг на влијанијата од имплементацијата на планскиот документ и во случај на негативни ефекти и информирање на МЖСПП.

**Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена (СЕА) за плански документ кој го подготвуваат државни органи (Screening)**



Слика 4 **-** Шематски приказ на постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (СОВЖС) за плански документ кој го подготвуваат државни органи

Во овој процес Министерството за надворешни работи е одговорно за спроведување на прекугранични консултации за СОВЖС во однос на доставување на известување до соседната држава, која може да биде засегната од подготовката на планскиот документ или кога Република Македонија може да биде засегната од подготовка на плански документ во соседна држава.

## 1.6 Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина

Спроведувањето на Стратегиската оцена на животната средина е интерактивен процес кој треба да се спроведе паралелно со развојот на планот или програмата. Стратегиската оцена на животната средина е процес за да се осигура дека значителен ефект врз животната средина што произлегуваат од политики, планови и програми се идентификуваат, оценуваат и намалуваат. Важен инструмент за да им се помогне во постигнување на одржлив развој и креирање на политиката е Стратегиската оцена на животната средина. Посебни бенефиции во Стратегиската оцена вклучуваат:

- Поддршка на одржливиот развој;
- Да се подобрат доказите како добра основа за стратешките одлуки;
- Да се консултираат сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот;
- Да се насочат на други процеси, како што се влијанието врз животната средина на оценките врз одделни развојни проекти.

Стратегиската оцена следејќи ги одредбите за содржината на овој Извештај, ги обработува следните содржини:

- Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
- Проблеми од областите кои се од посебно значење за животната средина;
- Целите на заштита на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;
- Веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, здравјето на луѓето, флората, фауната, водата, воздухот, почвата, климатските фактори, културното наследство, пејсажот и материјалните придобивки. Овие влијанија вклучуваат секундарни, краткорочни, долгорочни, трајни и привремено позитивни и негативни ефекти;
- Резиме/краток преглед на причините на алтернативите, опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;
- Опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;
- Не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во претходните точки.

## 1.7 Резиме

Врз основа на спроведената Стратегиска оценка на животната средина за Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона "Блокотехна" КО Негорци, општина Гевгелија плански период 2024-2029, органот е должен да ги следи ефектите врз животната средина и

здравјето на луѓето со цел во раната фаза да се согледаат евентуалните негативни влијанија напоредно со изработката на планската документација пред да биде прифатлива за имплементација.

Планскиот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "БЛОКОТЕХНА" КО Негорци, Општина Гевгелија, го зафаќа во целост опфатот на Детален урбанистички план за зона на мало стопанство "Блокотехна", донесен со (Одлука бр.078-124/4 од 28.04.1994година)

За планскиот опфат има издадени Услови за планирање на просторот со бр Y35824 од септември 2024 година и Решение за Услови за планирање на просторот со бр.УП1-15-1748/2024година од 22.11.2024 година.

Реализацијата на документацијата со намена лесна индустрија, сервиси, стоваришта за локалитет 'Блоктехна", КО Негорци, Општина Гевгелија, ќе биде во функција на развој на локалната и националната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

## 2. Преглед на Планскиот документ

### 2.1 Основи на Планскиот документ

Согласно член 58 и член 59 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20) се изработува Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона "Блокотехна" КО Негорци, општина Гевгелија плански период 2024-2029.

*Стратешки определби што поризлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат и претставуваат обврски за планирање на просторот*

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји. Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира намалување на регионалните диспропорции, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациските, техничко-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Стратешките определби на Просторниот план за остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата , критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво, заштитата на земјоделското земјиште и унапредувањето и заштитата на животната средина треба да се почитуваат на начин што ќе се направи усогласување на ;

• условите произлезени од Просторниот План на Република Македонија со бр Y35824 од септември 2024 година и Решение за Услови за планирање на просторот со бр.УП1-15-1748/2024година од 22.11.2024година ,

• претходно усвоениот Детален урбанистички план за зона на мало стопанство "Блокотехна", донесен со (Одлука бр.078-124/4 од 28.04.1994година)

• соседните плански документации со тех.бр.:

1. Y34210 - за изградба на хотелско-угостителски објекти, туризам, спорт и рекреација на КП 3949, 4015, 4016/1, 4016/2,4019, 4020, 4021, 4022, 4023, 4024, 4025, 4026, 4027, 4028, 4663, 4665, 4667/1, 4667/4, 4669, 4670, 4671, 4673, 4674/1, 4674/5 и 4674/8, КО Негорци, Општина Гевгелија.

2. Y13719 - наменети за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена Е2-полигон за обука на возачи, на КП 4674/9, КО Негорци, Општина Гевгелија.

3. Y19024 - наменети за хангари за земјоделски машини и складишта за материјали за земјоделски производи на КП 2588/1, КП 2600, КП 2601, дел од КП 2623, КП 2602 и КП 2596, КО Негорци, Општина Гевгелија.

Основна цел на изработувањето и донесувањето на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "БЛОКТЕХНА" КО Негорци, Општина Гевгелија, е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени со Детален урбанистички план на зона за мало стопанство "Блоктехна" КО Негорци, Општина Гевгелија донесен во 1994 година, важечките соседни детални урбанистички планови, Просторниот план на РМ (2002-2020) , како и Програма за изработка на урбанистички планови за 2024 , 2025и 2026 година.

Сето ова, усогласено со анализата која произлегува од согледувањето на сите аспекти од постојната состојба во важечките плански документации кои го третираат планскиот опфат, овозможува дефинирање на основни поставки и цели на планската програма.

Цел за изработување и донесување на урбанистички план вон населено место за индустриска зона "БЛОКОТЕХНА" КО Негорци, Општина Гевгелија е ;

- Да се направи разработка на опфатот со уточнување во однос на катастарските перцели со планско решение за планираните градежни парцели со почитување на сопственоста , нивната функционалност, диспозиција и капацитетот и максимално користење на просторот од сите аспекти. и да ги утврди параметрите и насоките за изработка на соодветна Урбанистичко Планска и Проектна документација од пониско ниво, согласно важечката законска регулатива, кои ќе се изработуваат согласно од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ", бр. 32/20 , 111/23 ,171/24,242/24 , 40/25 , 101/25 и 127/25) какои

- Да се направи Хидролошки Елаборат за определување нерегулирано речно корито на Серменинска рек согласно 50 годишната вода за да се реализираат дел од градежните парцели со определување на ширината на крајбрежниот појас на водотек Серменинска река

- Можностите за просторен развој во рамки на опфатот да се движат во рамки на создадавање на подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на сообраќајот, водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, отстранувањето на цврстиот отпад, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.

- да ги пропише општите и посебни услови за градење, преку параметри, кои се потребни за изработување соодветна понатамошна проектна документација за изградба.

- Да ги вгради одобрените урбанистички проекти со план за парцелација

*Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигаат целите на планот, со осврти на сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби*

Предложениот плански концепт на урбанистички план вон населено место за индустриска зона “БЛОКОТЕХНА” КО Негорци, Општина Гевгелија се темели на поставки и насоки дадени со:

Детален урбанистички план за зона на мало стопанство “Блокотехна”, донесен со (Одлука бр.078-124/4 од 28.04.1994година),

Просторниот план на РМ (2002-2020) ,согласно издадени Услови за планирање на просторот со бр Y35824 од септември 2024 година и Решение за Услови за планирање на просторот со бр.УП1-15-1748/2024година од 22.11.2024година

Одобрена Планската програма ( Потврда за заверка 11-74/4 од 04.02.2025година) за уредување на градежното земјиште со максимално почитување на претходната

планска и проектна документација;

Важечката законска и подзаконска регулатива (Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 32/20 , 111/23 , 171/24, 224/24 , 40/25 , 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 ,7/25 , 143/25 и 241/25);

извршените анализи за просторните и природните специфики на планскиот опфат и можностите за негов развој.

Подрачјето на планскиот опфат на урбанистички план вон населено место за индустриска зона “БЛОКОТЕХНА” КО Негорци, Општина Гевгелија е планирано со следните намени:

Рударство,енергетика ,индустрија (група класи на намена – Г)

Комерцијални и деловни намени (група класи на намена – Б)

Инфраструктура (група класи на намени – Е)

Во однос на сообраќајниот систем спаѓа во простор кој има добра сообраќајна поврзаност со селото Негорци и Мрзенци и со Гевгелија преку регионалниот пат Р1102 , додека поврзаноста со автопатот А1 Делница Смоквица -Гевгелија е прекината . Поврзаноста со автопатот А1 Делница Смоквица -Гевгелија е возможна со изградба на денивелиран патен јазол кај надпатникот кој е во непосредна близина на планскиот попфат и истиот треба да биде предмет на друга планска документација.

Токму овие сообраќајни поврзувања ја одредуваат добрата геостратешка положба на индустриска зона “БЛОКОТЕХНА”.

Освен графичкиот приказ на површината за градење, за секоја градба се дадени и соодветни податоци прикажани во табела и тоа:

број на градежна парцела;

површина на градежна парцела (м$^2$);

површина за градење (м$^2$);

максимален процент на изграденост (%);

вкупна површина по катови (м$^2$);

максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);

основна и компатибилна класа на намена на земјиштето и градбите;

максимална висина на венец (м');

максимален број на катови.

Максималната висина на венецот е планирана во однос на заштитниот тротоар на градбите земен како нулта кота.

Планираната висина на градбите е превземена од важечкиот Детален урбанистички план за зона на мало стопанство “Блокотехна”, донесен со (Одлука бр.078-124/4 од 28.04.1994година), како претходно стекнати права и треба да биде пресметана со следните висини:

кота на тротоар (нулта кота): 0.00 м;

кота на прво ниво (нулта плоча) во однос на тротоар: ќе се дефинира со проектна програма за градбите;

катна висина за деловна дејност: мин. 3,40 м.

Планираната катност на градбите во опфатот е П+2.

Профилите на планираните улици се дефинирани согласно категоризацијата како секундарна мрежа на улици, за индустриска улица со попречен профил од 9,60 до 10,80 м. Како секундарната мрежа предвидена е некатегоризирана сообраќајна инфраструктура-интегрирани улици со профил од 5.5м до 20,3м .

Покрај планираните тротоари на одредени делници од трасите на улиците како дел од јавната површина планирани се инфраструктурни коридори за водење на подземна инфраструктура.

Паркирањето ќе се одвива во сопствени парцели, а потребниот број на паркинг места ќе се дефинира според намената на градбите и нивната големина со проектна документација во согасност со член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 ,7/25 , 143/25 и 241/25);.

Основен услов за изградба на планираната површина за градење, висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела.

Со доследна примена на законската регулатива да се обезбеди целосна реализација на планот со оглед дека дел од површината на планскиот опфат е неизградено земјиште.

## 2.2 Плански опфат

### Специфични потреби и можности за просторен развој на подрачјето во рамки на проектниот опфат

*Опис и образложение на плански решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајна и комунална инфраструктура*

Планските решенија на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона “БЛОКОТЕХНА” КО Негорци, Општина Гевгелија (пл.период 2024-2029) се направени врз основа на член 16 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 32/20 , 111/23 , 171/24, 224/24 , 40/25 , 101/25 и 127/25) и член 43 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 ,7/25 , 143/25 и 241/25), како и одобрената Планска програма.

Со планското решение на урбанистички план вон населено место за индустриска зона “БЛОКОТЕХНА” КО Негорци, Општина Гевгелија ;

- утврдена е границата на опфат со површина од 23,73 ha;
- направена е детална регулација на градежното земјиште со регулаторни линии (регулациона линија, граница на градежната парцела и градежна линија)
- дадено е планско решение на секундарните сообраќајници, како и решенија за потребната секундарна инфраструктура,

- утврдени се општи и посебни услови за градба, како и сите релевантни мерки за заштита.

Во подрачјето на планскиот опфат на формирани се 45 градежни парцели за кои се дадени услови идна градба, од кои 31 се од групата на класи на намена Г- Рударство, енергетика , индустрија, една од групата на класи на намена Б -Комерцијални и деловни намени и 13 се од групата на класи на намена Е- Инфраструктура

Предложениот плански концепт на урбанистички план вон населено место за индустриска зона “БЛОКОТЕХНА” КО Негорци, Општина Гевгелија , а согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25), планирани се следните *групи на класи на намени, класи на намени и поединечни намени*:

Б - Комерцијални и деловни намени 1,34ха (5.63%)

Во рамките на планскиот опфат – 1,79% од просторот е ангажиран за Комерцијални и деловни намени како основна класа на намена:

- Б5.2 Хотелски комплекси Б6-Простори за собири и публика

Во рамките на планскиот опфат – 3,84% од просторот е ангажиран за Комерцијални и деловни намени како основна класа на намена:

- Б6.2 Спортски сали за атлетски дисциплини, кошарка, ракомет, тенис

Г- Рударство,енергетика ,индустрија 10,76ха(45,32% )

Во рамките на планскиот опфат 5.50ха – 23,16% од просторот е ангажиран за

- Г2-Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија

Во рамките на планскиот опфат 1,34.ха – 5,63% од просторот е ангажиран за

- Г 2.1 Лесна градежна индустрија

Во рамките на планскиот опфат 0,22ха – 0,92% од просторот е ангажиран за

- Г2.1-Згради за лесна градежна индустрија-гума,метал

Во рамките на планскиот опфат 0,13ха – 0,54% од просторот е ангажиран за

- Г2.1-Згради за лесна градежна индустрија-производство на алуминиумски прозори и врати

Во рамките на планскиот опфат 0.43.ха – 1.81% од просторот е ангажиран за

- Г.2.4 Текстилна индустрија за производство на горна облека

Во рамките на планскиот опфат 1.79ха – 7.52% од просторот е ангажиран за

- Г2.7 Згради од дрвната идустрија

Во рамките на планскиот опфат 1.23.ха – 5.20% од просторот е ангажиран за

- Г2.9 Пекарска индустрија

Во рамките на планскиот опфат 0,13ха– 0.54% од просторот е ангажиран за

- Г 4 стоваришта, складови и отпади

Е - Инфраструктура 7.76ха (32.71% )

Во рамките на планскиот опфат 4,18ха– 17,62% од просторот е ангажиран за

- Е2.1 Згради и комплекси на инфрструктурните системи-шпедиции

Во рамките на планскиот опфат 0,03ха– 0,14% од просторот е ангажиран за

- Е1.8 Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаница)

Во рамките на планскиот опфат 3,55ха– 14,94% од просторот е ангажиран за

- Е1.1 Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Д - Зеленило и рекреација 2,57ха ( 10,84% )

Во рамките на планскиот опфат 0.40ха– 1.6% од просторот е ангажиран за

- Д2.1 - Разделно зеленило

Во рамките на планскиот опфат 1.77ха– 7.4% од просторот е ангажиран за

- Д1.2 -Јавно урбано зеленило

Во рамките на планскиот опфат 0,41ха– 1,75% од просторот е ангажиран за Д3.1 -Спортски терени на отворено

Примената на поединечните намени е врз основа на член 78 став 4 од Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.Северна Македонија" 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 и 241/25), според кој се предвидува употребата на поединечни намени во урбанистичките планови да може да се практикува и за поединечни случаи, кога за тоа има потреба и за намени и градби од локално значење за кои е утврден јавниот интерес, како и во ситуации кога со урбанистички план за одредена поединечна намена задолжително треба да се обезбеди лоцирање на конкретен простор.

*Комплементарни намени*

Комплементарна намена означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер и во одредени случаи го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

Во Урбанистички план вон населено место за индустриска зона "БЛОКОТЕХНА" КО Негорци, Општина Гевгелија (пл.период 2024-2029) комплементарните намени се подразбираат во процесот на одредување на намената на земјиштето во контекст на дадените одредби од член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 ,7/25 , 143/25 и 241/25), и тоа комплементарни намени кај сите класи на намени се:

- деловите од градежните парцели и деловите од градбите што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање,
- зеленилото и одредени рекреативни намени,
- делови од парцели или градби што се неопходни за комуналните инфраструктури,
- градби, инсталации и опрема без кои основната намена не може да се употребува согласно нејзината намена.
- Административните градби и делови од градби во индустриските и производствените комплекси.
- Фотонапонска електроцентрала односно намената Е1.13. при што оваа комплементарност се применува и на изградени и испланирани градби и комплекси со уредена намена од групата на класи на намени Г-рударство, енергетика , индустрија

*Компатибилни намени*

Компатибилни класи на намени или групи на класи на намени, се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање. Уредувањето на компатибилноста се врши во зависност од специфичностите на локалитетот, културата на живеење, историјата на планирање и градење.

Заради поголема флексибилност и создавање на можност за локален економски развој и задоволување на идни потреби за намени кои не се утврдени како посебни наменски зони, во Урбанистички план вон населено место за индустриска зона “БЛОКОТЕХНА” КО Негорци, Општина Гевгелија (пл.период 2024-2029) за класата на намени Г , се планира употреба и на компатибилни класи на намени (застапеност до најмногу 40%), согласно член 81 и 83 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 ,7/25 , 143/25 и 241/25), и тоа ;

- Г2- Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија
- Г3- индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и енергетика од обновливи извори
- Г4 - Стоваришта, складови и отпади
- Е1.13. Фотонапонска електроцентрала
- Б5.2 Хотели

*Алтернативни намени*

За флексибилност на планот за класата на намена Г, се планира употреба на четири компатабилни намени Г2 , Г3 , Г4 и Е1.13 како алтернативни намени во рамките на градежните парцели согласно член 82 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 ,7/25 , 143/25 и 241/25), и тоа најмногу 30% од збирот на површината на градежните парцели со алтернативни намени за да не се смени карактерот на зоната, каде носителот на зоната е една од алтернативните намени.

### 2.2.1 Проектни барања за градбите во проектниот опфат

### а) Општи услови за градба, развој и користење на земјиштето и градбите

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона “БЛОКОТЕХНА” КО Негорци, Општина Гевгелија, односно за изготвување на извод од урбанистички план

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат Посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.

Објектите кои се изградени и се евидентирани на ажурирана геодетска подлога во Документационата основа на планот, се третираат како постојна состојба.

Изградбата на нови објекти, доградбата на објектите, како и изградбата на сообраќајници и комунална инфраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото, а во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање

Регулациона линија во планот е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и градежно земјиште за поединечна градба

Сите овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се одредени согласно Правилникот за урбанистичко планирање

Паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила (стационарен сообраќај) е планирано во рамките на секоја градежна парцела.

За определувањето на потребниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина да се применува член 134 од Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 99/23 и 7/25).

Со планот се одредени следните услови:

. облик и големина на градежна парцела (м$^2$);

. површина за градба со градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради (м2);

. процент на изграденост на градежната парцела (%);

. вкупна површина по катови (м$^2$);

. коефициент на искористеност на градежната парцела (к);

. намена на земјиштето и градбата;

. можност за избор на една или повеќе компатибилни намени со дефиниран максимален процент на застапеност во однос на основната намена

. мах. висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар до максималната висина на венец на градбата (м).

Намена на земјиштето е начинот на употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот на уредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.

Класа на намени се формира врз основа на заеднички физички и функционални карактеристики на земјиштето и градбите во кои дејностите и активностите се одвиваат како и врз основа на просторните влијанија од нивното градење и начин на употреба.

Во рамки на планскиот опфат предвидени се следните групи на класи на намени

Б - Комерцијални и деловни намени; Г-Рударство, енергетика, индустрија

Д-Зеленило, рекреација и меморијални простори Е-Инфраструктура

Компатибилни намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста градежна парцела без притоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Таа означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплементирање и остварување на осоновната намена на градбата од примарната дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер, но може и да го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

Комплементарните намени треба да ги исполнуваат следните услови:

- тие треба да бидат дополнување на основната намена;
- тие треба да се во функција исклучиво за остварување на осоновната намена;
- тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;
- тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат намената, туку само да го збогатуваат просторно- функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и

столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното зем- јиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

Градежна парцела во која може да се градат повеќе градби да се разработи со урбанистички проект според претходно дефинирана проектна програма во границите на планираната површина за градба.

Доколку се јави потреба една поголема градежна парцела која не може да се реализира, да треба да се формираат една или повеќе градежни парцели чијашто структура на сопственост обезбедува нивна реализација согласно со закон, истото може да се реализира со изработка на Урбанистички проект со план за парцелација. Предмет на овој урбанистичкиот проект е разработка на урбанистичкиот план што се однесува на определување на диспозицијата и формата на површините за градење, со обезбедување на растојанија на површините за градење до границите на градежната парцела не помали отколку што се кај соседните парцели, организацијата на внатрешниот сообраќај и инфраструктурите во проектниот опфат, без да се менуваат параметрите на вкупно изградената површина за градење, намената на земјиштето и објектите и максималната виочина, како и другите параметри уредени со урбанистичкиот план.

Градежната линија се спроведува со дозволените пречекорувања на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

• Дозволено е пречекорување на градежната линија на првостепената и второстепената архитектонска пластика само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат може да се предвидуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепената архитектонска пластика, кога за тоа постојат услови и не повеќе од 0,30м.

• Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела не може да има пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид издадени архитектонски елементи и делови од градба.

• Кога растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е

1,20 м, не се дозволени пречекорувања на градежната линија со еркери и други издадени делови на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела, а доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20 м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20м.

• Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања на градежната линија се:

- првиот скалник од влезните партии до 30 см, ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25 м,

- првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см, ако широчината на тротоарот е поголема од 2,25 м,

- второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12,00м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина за улични коридори пошироки од 12,00м.

- елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,

- елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на страничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежна парцела 3,00 м и помалку од 3,00 м,

- третостепена пластика во која спаѓат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см, а на приземниот дел од градбата оваа пластика е дозволена доколку ширината на тротоарот е поголема од 2,25 м.

Дозволени пречекорувања на градежната линија се сметаат сите инсталации за вертикална комуникација, технички инсталации и слично, што по правило се градат од монтажни метални конструкции, како што се: надворешни лифтови,противпожарни и други нужни скали и инсталации за вертикална комуникација, канали и оџаци, системи за пасивно и активно производство на енергија – кровни соларни панели, фотоволтаични панели и слични, телекомуникациски антени и инсталации,други техничко-технолошки уреди и инсталации, украсни архитектонски елементи и конструкции што го оформуваат архитектонскот израз, а кои можат да имаат и функционална улога како што се брисолеи и дуги елементи и конструкции.

Во вкупната изградена површина не се пресметуваат површините на отворените делови од објектот: наткриени и отворени тераси, балкони, лоѓии, натстреи, тремови, надворешни скали и пристапни рампи.

Котата на нулта плоча е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека.

Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и во табелите е максимална. Максималната висина до венецот на објектите изразена во должни метри, се определува од нивото на нивелетата на тротоарот на сообраќајницата или од пристапната патека до завршниот венец на објектот.

Доколку во опфатот се планира изградба на објекти со елевација над дозволената, или изградба/поставување на:

-хелиодроми или

-Издвоени антенски столбови со височина поголема од 30м.

-Оџаци со височина поголема од 30м.

- Други објекти со височина поголема од 100м

Потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство, да се достави проектната документација (пред усвојување) со барање за издавање согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 80, став(1) и (2) од Законот за воздухопловство (Службен Весник бр.14/24), а со цел следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената и специфичноста на истиот.

Условите за изградба на објектите, треба да содржат и услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефон и одводнување на отпадните (фекални) и атмосферски води.

Сите елементи дадени во инфраструктурниот план се менливи доколку проектите од пониско ниво покажат пооправдани или поекономични решенија. Димензионирањето, точна позиција и техничкото решение на сите објекти и инсталации од комуналната инфраструктура во рамки на планскиот опфат треба да се одвива преку изработка на Урбанистички проекти согласно Законот за урбанистичко планирање и другата важечка законска и подзаконска регулатива од областа на архитектурата и градежништвото.

Водата од крововите ќе се испушти во дворното зеленило. Одводнувањето на атмосферските води од улиците се предвидува со изведба на планирана атмосферска канализација.

При реализација може да се изведат трафостаници за задоволување на сопствените електро енергетски потреби, кои можат да бидат изведени во склоп на самата градба при што е неопфодно исите да се позиционираат на начин со кој ке биде овозможен директен пристап со товарно возило до нив.

Сообраќајната инфраструктура се состои од планираните индустриски и интегрирани улици. Планирањето на новата сообраќајна мрежа во овој урбанистички план е работено во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање, како и во согласност со постоечките улици и условите на терен.,

При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели (кое треба да изнесува минимум 20%.) и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците. Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

Површините наменети за движење на пешаци (секаде каде што е потребно заради конфигурацијата на теренот) да бидат континуирани без скали и со подолжен наклон од 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се решава со урбанистички проекти за партерно уредување во кои ќе се опфатат осветлувањето, простори за одмор, поставување на урбана опрема, клупи, корпи за отпадоци и слично, во функција на намената на просторот.

Доколку при изградба на нов објект или реконструкција и уредување на улиците и отворените простори во текот на реализација на овој План, доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културно наследство (“Сл. весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18, 42/20), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

Содржината во текстуалниот и графичкиот дел од планот преставува солидна основа за издавање на Извод од урбанистички план.

При примена и реализација на овој урбанистички план, за сè што не е дефинирано со овие Општи услови за градење, ќе се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 ,7/25 , 143/25 и 241/25.

## б) Посебни услови за изградба

Посебните услови за градење во оваа планска документација се однесуваат на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона “БЛОКОТЕХНА” КО Негорци, Општина Гевгелија, во рамките на планскиот опфат.

Во рамките на планот дефинирани се 62 градежни парцели. При формирањето во најголема можна мерка се почитувани границите на постојните катастарски парцели, односно сопственичката структура на земјиштето и градбите, но и границите на наменските зони планирани со Урбанистички план вон населено место за индустриска зона “БЛОКОТЕХНА” КО Негорци, Општина Гевгелија.

Во опфатот се планираат 47 градежни парцели со површини за градење со следните основни класи на намени:

Г2- Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија

И помалку загадувачки постројки за производство на енергија 17 парцели Г 2.1 Лесна градежна индустрија 2 парцели Г2.1-Згради за лесна градежна индустрија-производство на алуминиумски прозори и врати 1 парцела

Г2.1-Згради за лесна градежна индустрија-гума,метал 1 парцела Г.2.4 Текстилна индустрија за производство на горна облека 1 парцела Г2.7 Згради од дрвната идустрија 2 парцели

Г2.9 Пекарска индустрија 2 парцели

Г4-стоваришта, складови и отпади 2 парцели

В5.2 Хотелски комплекси 1 парцела

Б6.2 Спортски сали за атлетски дисциплини, кошарка,

ракомет, тенис 1 парцела

Е2.1 Шпедиции 9 парцели

Е1.8 Трафостаница 7 парцели

Д3.1 Спортски терени на отворено 1 парцела

Планиран развој: 2024– 2029

Природа на зафат: на парцелаите се предвидува новопланирана површина за градба

Во потпокривот може да се користи само една спратна висина и таа површина се третира рамноправно како и другиот корисен простор по спратовите. Во рамките на парцелите може да се планираат еден или повеќе објекти според потребите, технологијата и организацијата на работа.

Површините за градби се апроксимативни и за истите да се изработи урбанистички проект, доколку се планираат повеке објекти во една градежна парцела, согласно предходно дефинирана проектна програма. Диспозицијата на објектите и уредувањето на урбанистичките парцели се решава со изготвување на урбанистички проект по претходно изготвена проектна програма. Се предвидува можност за поставување на сопствени трансформаторски станици во согласност на потребите на корисниците.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Табела 1- Билансни показатели од документациона основа

| | | | |
|---|---|---|---|
| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА “БЛОКОТЕХНА” КО НЕГОРЦИ | | | |
| ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА | | | |
| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЕЧКА СОСТОЈБА | | | |
| НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | М2 | ХА | % |
| комунална инфраструктура | 13226 м2 | 1,32 | 1,78% |
| комунална супрафраструктура | 15 м2 | 0,002 | 0,26% |
| Б6.2 Спортски сали за атлетски дисциплини,кошарка,ракомет,тен ис | 6105 м2 | 0,61 | 27,99% |
| Г2-Лесна и незагадувачка индустрија | 104483 | 10,44 | 44,02 |
| градежно неизградено земјиште | 80119 м2 | 8,01 | 33,75% |
| река | 28515 м2 | 2,85 | 12,01% |
| Земјан пат | 4911 м2 | 0,49 | 2,07% |
| ВКУПНО ГРАДЕЖЕН ФОНД И ЗЕМЈИШТЕ | 237374 | 10,93 | 100,00% |

| | ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Нумерички показатели | | | | | | | | | | | | | |
| | НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА | ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНА | ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | | КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ | максимално дозволен процент на учеството на збирот на компатибилни-те класи на намени во однос на основната | ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ВО РАМКИ НА РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА | МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ | МАКСИМАЛНА ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА | МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ГРАДБА ДО ВЕНЕЦ | БРОЈ НА СПРАТОВИ | МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ % | максимално дозволен коефициент на искористеност К | ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА |
| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА “БЛОКОТЕХНА” КО НЕГОРЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | 01 | Б | Б5.1 | Хотелски комплекси | Е1.13 | 40% | 4238 | 2636 м2 | 7907 | 12.00 | П+2 | 50% | 1.87 | Паркирање во рамки на сопствена парцела според член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М 225/20, 219/21,104/22 ,99/23 И 7/25) |
| | 02 | Г | Г2.1 | Г 2.1 Лесна градежна индустрија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 1957 | 1200 м2 | 3600 | 12.00 | П+2 | 61% | 1.84 | |
| | 03 | Г | Г2.9 | Г2.9 Пекарска индустрија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 8655 | 6410 м2 | 19231 | 12.00 | П+2 | 70% | 2.22 | |
| | 04 | Б | Б6.2 | Б6.2 Спортски сали за атлетски дисциплини,кошарка,ракомет,тенис | Б5.2 и Е1.13 | 40% | 9121 | 7000 м2 | 20999 | 15.00 | П+2 | 70% | 2.30 | |
| | 05 | Г | Г2.4 | Г.2.4 Текстилна индустрија за производство на горна облека | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 4301.5 | 3096 м2 | 9289 | 12.00 | П+2 | 72% | 2.16 | |
| | 06 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г2, Г3 и Е1.13 | 40% | 2024 | 1191 м2 | 3572 | 12.00 | П+2 | 59% | 1.76 | |
| | 07 | Г | Г2.1 | Г2.1-Згради за лесна градежна индустрија-производство на алуминиумски прозори и врати | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 1281 | 656 м2 | 1969 | 12.00 | П+2 | 51% | 1.54 | |
| | 08 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 1286 | 642 м2 | 1925 | 12.00 | П+2 | 50% | 1.50 | |
| | 09 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 1583 | 884 м2 | 2652 | 12.00 | П+2 | 56% | 1.68 | |
| | 10 | Г | Г4 | стоваришта, складови и отпади | Г2, Г3 и Е1.13 | 40% | 634 | 218 м2 | 655 | 12.00 | П+2 | 34% | 1.03 | |
| | 11 | Г | Г4 | стоваришта, складови и отпади | Г2, Г3 и Е1.13 | 40% | 656 | 244 м2 | 733 | 12.00 | П+2 | 37% | 1.12 | |
| | 12 | Г | Г2.9 | Г2.9 Пекарска индустрија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 3680 | 2277 м2 | 6832 | 12.00 | П+2 | 62% | 1.86 | |
| | 13 | Е | Е2.1 | Згради и комплекси на патниот сообраќај-шпедиции | Г3, Г4 и Е1.13 | / | 4715 | 3044 м2 | 9133 | 12.00 | П+2 | 65% | 1.94 | |
| | 14 | Е | Е2.1 | Згради и комплекси на патниот сообраќај-шпедиции | Г3, Г4 и Е1.13 | / | 2505 | 1470 м2 | 4409 | 12.00 | П+2 | 59% | 1.76 | |
| | 15 | Г | Г2.1 | Г2.1-Згради за лесна градежна индустрија-гума,метал | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 2187 | 1334 м2 | 4001 | 12.00 | П+2 | 61% | 1.83 | |
| | 16 | Е | Е1 | Е1.8 Трафостаница | / | / | 30.00 | 12 м2 | 36 | 3.00 | П+2 | 65% | 1.94 | |
| | 17 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 3006 | 2005 м2 | 6014 | 12.00 | П+2 | 67% | 2.00 | |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА “БЛОКОТЕХНА” КО НЕГОРЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | 18 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 3322 | 2225 м2 | 6676 | 12.00 | П+2 | 67% | 2.01 | Паркирање во рамки на сопствена парцела според член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник Р.С.М 225/20, 219/21,104/22 ,99/23 И 7/25) |
| | 19 | Е | Е2.1 | Згради и комплекси на инфрструктурните системи-шпедиции | / | / | 3880 | 2469 м2 | 7407 | 12.00 | П+2 | 64% | 1.91 | |
| | 20 | Г | Г2.1 | Г 2.1 Лесна градежна индустрија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 11403 | 9355 м2 | 28064 | 12.00 | П+2 | 70% | 2.46 | |
| | 21 | Е | Е2.1 | Згради и комплекси на инфрструктурните системи-шпедиции | Г3, Г4 и Е1.13 | / | 2588.33 | 1691 м2 | 5073 | 12.00 | П+2 | 65% | 1.96 | |
| | 22 | Е | Е2.1 | Згради и комплекси на инфрструктурните системи-шпедиции | Г3, Г4 и Е1.13 | / | 2519 | 1614 м2 | 4841 | 12.00 | П+2 | 64% | 1.92 | |
| | 23 | Е | Е2.1 | Згради и комплекси на инфрструктурните системи-шпедиции | Г3, Г4 и Е1.13 | / | 2728 | 1710 м2 | 5130 | 12.00 | П+2 | 63% | 1.88 | |
| | 24 | Е | Е2.1 | Згради и комплекси на инфрструктурните системи-шпедиции | Г3, Г4 и Е1.13 | / | 4372 | 3270 м2 | 9811 | 12.00 | П+2 | 70% | 2.24 | |
| | 25 | Е | Е1 | Е1.8 Трафостаница | / | / | 30 | 7 м2 | 7 | 3.00 | П | 24% | 0.24 | |
| | 26 | Е | Е2.1 | Згради и комплекси на инфрструктурните системи-шпедиции | Г3, Г4 и Е1.13 | / | 2063 | 1174 м2 | 3521 | 12.00 | П+2 | 57% | 1.71 | |
| | 27 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 1971 | 1124 м2 | 3373 | 12.00 | П+2 | 57% | 1.71 | |
| | 28 | Е | Е2.1 | Згради и комплекси на инфрструктурните системи-шпедиции | Г3, Г4 и Е1.13 | / | 16459 | 12235 м2 | 36704 | 12.00 | П+2 | 70% | 2.23 | |
| | 29 | Е | Е1.8 | Е1.8 Трафостаница | / | / | 42 | 12 м2 | 12 | 3.00 | П | 29% | 0.29 | |
| | 30 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 4316 | 3109 м2 | 9326 | 12.00 | П+2 | 72% | 2.16 | |
| | 31 | | Е1.8 | Е1.8 Трафостаница | / | / | 97 | 22 м2 | 22 | 3.00 | П+2 | 79% | 2.38 | |
| | 32 | | Е1.8 | Е1.8 Трафостаница | / | / | 30 | 12 м2 | 12 м2 | 3.00 | П+3 | | | |
| | 33 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 12745 | 10111 м2 | 30332 | 12.00 | П+2 | 60% | 1.79 | |

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА "БЛОКОТЕХНА" КО НЕГОРЦИ, ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 34 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 4013 | 2398 м2 | 7195 | 12.00 | П+2 | 32% | 0.96 |
| 35 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 1373 | 441 м2 | 1322 | 12.00 | П+2 | 32% | 0.96 |
| 36 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 2337 | 1454 м2 | 4363 | 12.00 | П+2 | 62% | 1.87 |
| 37 | Г | Д3.1 | Спортски терени на отворено | / | / | 4159 | 2565 м2 | 7694 | 12.00 | П+2 | 62% | 1.85 |
| 38 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 6635 | 4352 м2 | 13056 | 12.00 | П+2 | 66% | 1.97 |
| 39 | Г | Г2.7 | Згради од дрвната идустрија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 13638 | 10373 м2 | 31118 | 12.00 | П+2 | 76% | 2.28 |
| 40 | Е | Е1.8 | Е1.8 Трафостаница | / | / | 75 | 22 м2 | 22 | 3.00 | П | 29% | 0.29 |
| 41 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 2507 | 1557 м2 | 4672 | 12.00 | П | 70% | 0.70 |
| 42 | Г | Г2.7 | Згради од дрвната идустрија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 4218 | 2923 м2 | 8770 | 12.00 | П+2 | 69% | 2.08 |
| 43 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 2110 | 933 м2 | 2799 | 12.00 | П+2 | 44% | 1.33 |
| 44 | Е | Е1.8 | Е1.8 Трафостаница | / | / | 21.76 | 15 м2 | 15 | 3.00 | П+2 | 45% | 1.34 |
| 45 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 2111.53 | 942 м2 | 2825 | 12.00 | П+2 | 47% | 1.40 |
| 46 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 2022.27 | 946 м2 | 2838 | 12.00 | П+2 | 47% | 1.41 |
| 47 | Г | Г2 | Лесна преработувачка и и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија | Г3, Г4 и Е1.13 | 40% | 1614.15 | 760 м2 | 2281 | 12.00 | П+2 | 68% | 2.05 |
| ВКУПНО | | | | | | 167263 | 114140 | 342239 | | | **68%** | **2.05** |
| | | | Д2.1 - Разделно зеленило | | | 3899 | | | | | | |
| | | | Д1.2 -Јавно урбано зеленило | | | 17682 | | | | | | |
| | | | Река | | | 13046 | | | | | | |
| | | | Е1.5 Инфраструктури на водоснабдувањето (шахта) | | | 5 | | | | | | |
| | | | Е1.1 - Сообраќајна површина (улица) | | | 21868 | | | | | | |
| | | | Е1.1 - Сообраќајна површина (тротоар) | | | 13612 | | | | | | |
| | | | ВКУПНО ОПФАТ | | | 237374 м2 | 114140 | 342239 м2 | | | 68% | 2.05 |

Паркирање во рамки на сопствена парцела според член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М 225/20, 219/21,104/22 ,99/23 7/25)

# 3. Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина

## 3.1 Карактеристики на просторот

Предметната локација за кои се издаваат условите за планирање на просторот во КО Негорци, Општина Гевгелија, се наоѓа југоисточно од населено место Негорци.

Општина Гевгелија се наоѓа во крајниот југоисточен дел на Република Македонија, односно во јужниот дел на Повардариeто и граничи со Грција. Општината се простира на простор од 485 квадратни километри, а нејзино седиште е градот Гевгелија. Општината е сместена во Гевгелиско - валандовската котлина. Низ централното подрачје на општината, во правецот север-југ, поминува Коридорот 10. Според релјефот, просторот на општината може да се подели на неколку комплекси: рамничарски, падински, ридски и планинаски. Од вкупната површина на општината, 28 350 хектари отпаѓаат на шуми, 2 652 хектари се пасишта, а обработливата површина зафаќа 7 800 хектари.

Субмедитеранското подрачје во Република Македонија ги опфаќа најниските делови од долниот тек на реката Вардар до Грчката граница (Гевгелиската, Валандовската и Дојранската котлина).



Слика 5 – Поглед на локацијата

Надморската височина на ова подрачје е од 59 до 500 м.

Согласно добиените податоци од Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Гевгелија со бр.09-15/3 од 20.01.2025год. достави претходни услови за заштита и спасување, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 83/18 и Сл. Весник на РСМ бр.215/21), Процена на загрозеноист на опфатот , Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите , во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл.весник на РСМ бр.105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на овој план.

Согласно добиените податоци од АД Водостопанство на РСМ-Скопје со допис бр.02- 16,01/1 од 22.01.2025год. во предметниот опфат нема свои објекти и инфраструктура.

Согласно добиените податоци од Министерство за животна средина, Управа за животна средина- Сектор води со допис бр. 11-3023/2 од 27.05.2024година предметниот плански опфат граничи со воден тек означен како Серменинска Река, а во еден дел водотекот навлегува во

планскиот опфат, поради што во согласност со Законот за водите (Службен весник на Р. Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15,52/2016 и Сл.Весник на РСМ бр. 151/21), при изготвување на планската документација треба да се имат во предвид сите критериуми од аспект на заштита на површинските водни тела.

Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечки или планирани водоводни и канализациони инсталации на планираниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на Република Македонија бр.6/12 )за чие спроведување е одговорно Министерство за транспорт и врски, каде единиците на локалната самоуправа како и одговорниот субјект кој управува со постојната инфраструктура се одговорни да водат евиденција и да воспостават регистар на подземната инфраструктура на нивното подрачје.

Согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење, односно Дозвола за испуштање во водите на правните и физички лица, вклучувајќи ги и органите на државна управа и општините, кои испуштаат отпадни води или испуштаат или фрлаат материи и супстанции во реципиентите, под услови и на начин утврдени со законот за водите.

Предметната локација не е во рамки на предвидените акумулации согласно Водостопанската основа од Просторниот План на Република Северна Македонија 2002-2020.

Согласно добиените податоци од Министерство за животна средина, Управа за животна средина- Сектор Природа со допис бр. 11-543/1 од 03.02.2025година предметниот плански опфат не влегува во заштитени подрачја.

## 3.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат

*Податоци за природни чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат*

Во состав на општината Гевгелија влегуваат 17 села: Богородица, Габрово, Давидово, Кованец, Конско, Моин, Милетково, Миравци, Мрзенци, Негорци, Ново Конско, Петрово, Прдејци, Серменин, Смоквица и Ума.

Предметната локација за кои се издаваат условите за планирање на просторот во КО Негорци, Општина Гевгелија, се наоѓа југоисточно од населено место Негорци. Ова подрачје од север и од северозапад е ограничено со планините: Градишка Планина, Плауш, Беласица и Кожуф, кои влијаат како заштитна препрека врз времето и климата на ова подрачје, модифицирајќи ги студените (континенталните) воздушни маси кои се транспортираат кон јужните делови од Балканскиот Полуостров. Од друга страна пак ова подрачје е значително подотворено кон Егејското Море од каде допираат влијанијата на Медитеранот и се чувствуваат карактеристиките на медитеранските особености на времето и климата било преку формирање на топли и влажни воздушни маси кои имаат карактеристики на Медитеранот или преку други атмосферски нарушувања (топли или студени атмосферски фронтови) и други влијанија.

Метеоролошката станица Валандово е лоцирана на: Валандово Хс = 100м Х = 41° 19’ Y = 22° 34’. Ова е најтоплото подрачје во Република Македонија. Просечната годишна температура на воздухот се движи од 14.0°C - 14.5°C. Најтопол месец е јули со средна температура на воздухот од 24.6°C до 25.3°C. Најстуден месец е јануари со просечна повеќегодишна температура на воздухот која се движи во границите помеѓу 3.3°C и 3.5°C.

Просечните годишни температурни амплитуди на воздухот се движат помеѓу 21.2°C и 21.8°C и се поголеми во споредба со годишните амплитуди забележано северно од Демир Капија, но се повисоки од 20.0°C, колку што изнесуваат во Медитеранските области.

Апсолутно највискока максимална температура на воздухот во ова подрачје изнесува 44.3°C на 6. VII.1988 год.

Апсолутно најниски температури на воздухот изнесуваат: -12.5°C во Валандово.

Највисоко достигнати апсолутни годишни амплитуди на воздухот изнесуваат 56.0°C. Тие се значително повисоки отколку во типичните медитерански области, поради континенталните влијанија.

Средната месечна максимална температура на воздухот изнесува 7.6°C во месец јануари, и 31.6°C во месец август.

Средната јануарска минимална температура на воздухот во ова подрачје изнесува 0.7°C, додека средната јулска минимална температура на воздухот е 18.0°C.

Во ова подрачје има најголем број на топли и тропски денови.

Вкупниот број на тропски денови во Валандово изнесува 72 при што најголем број се забележани во месец јули 23 дена, додека во Нов Дојран вкупниот број на тропски денови изнесува 54.Годишниот број на летни денови изнесува од 131 до 136 од тоа највише во текот на месеците јули и август. Во септември има повеќе топли (летни) денови отколку во мај (дури и во јуни), што укажува дека есента е потопла од пролетта како и дека летните денови продолжуваат во месец септември.

Ова подрачје се одликува и со најмал број на мразни денови (годишно од 32 во Нов Дојран, 43 во Валандово, до 49 во Гевгелија). Најмногу мразни денови има во јануари (од 12 до 17).

Една од основните карактеристики на ова подрачје е тоа што на оваа територија порано завршуваат пролетните и покасно почнуваат есенските мразеви така што екстремниот мразен период трае од 92 до 127 денови, што е помал отколку во другите подрачја.

Најголем просечен број на мразни денови се јавуваат во Гевгелија во месец јануари и изнесуваат 17 денови додека во текот на годината вкупниот број изнесува 49 дена.

Годишните суми на врнежи во ова подрачје се движат во границите помеѓу 601.6 mm и 682.4 mm.

Најврнежлив месец е ноември со просечна месечна количина на врнежите која се движи помеѓу 79.5 mm и 93.1mm, додека најсув месец е јули или август со следните количини на врнежите од 30.6 до 33.8 mm. Овој минимум е скоро три пати помал од најврнежливиот месец од годината и е една од значајните карактеристики на климата на ова подрачје.

Исто така во подрачјето на централните и најниските делови од Гевгелиско- Валандовскиот регион се јавуваат најмали количини на врнежите што претставува таканаречена "врнежлива сенка", во споредба со другите делови од регионот со просечна количина на врнежите кои се под 650 mm годишно. Во другите делови од ова подрачје годишната количина на врнежите е помеѓу 700-800 mm (при што се земени во предвид податоци од другите дождомерни станици од ова подрачје, до надморска височина од 500 м.

Сите досегашни податоци за врнежите говорат дека во ова подрачје се јавува Медитерански (маритимен) плувиометриски (врнежлив) режим, со карактеристичен влажен зимски период и мошне сушен летен период.

Според резултатите од измерените дневни суми на врнежите најголема количина на врнежите изнесува 129.7mm. (на 2.II.1986 год.) во Гевгелија.

Во ова подрачје врнежите имаат често пороен карактер, особено во летните месеци, со што се засилува сушниот карактер на летото. Сушата повремено се јавува и во пролетните и есенските месеци поврзувајќи се со летната суша. Средната годишна релативна влажност на воздухот се движи помеѓу 69% во Валандово до 71% во Гевгелија.

Вкупниот број на сончеви часови, според податоците од метеролошката станица Гевгелија изнесува 2371 часа со максимум во месец јули (326часа) додека најмал број на сончеви часови има во декември (104,4 часа).

Најчести ветрови во ова климатско подрачје се ветровите од северна и северозападна насока со 319‰ во Нов Дојран (од СЗ),320‰ во Валандово (од СЗ) до 205‰ во Гевгелија (од С).

Во исто време од овие насоки просечните брзини на ветерот изнесуваат 3,8м/сек во Нов Дојран (од СЗ), 3,5м/сек и 3,4м/сек во Гевгелија (од С и СЗ насока), Најголеми силини на ветрот од по 10Бофори се забележани од најфрекфентните насоки во Нов Дојран од СЗ, во Валандово од СЗ и во Гевгелија од СЗ и од С.).

Општината Гевгелија се протега на дел од сливот на долниот тек на реката Вардар, во кој се влеваат повеќе водотеци, како: Сува Река, Коњска Река, Мрзенска Река, Кованска Река, Зуица, Петрушка Река и Јаворица. Исто така, општината е богата со извори на минерална и термоминерална вода. Така, еден од најпознатите извори на минерална вода се наоѓа кај месноста Смрдлива Вода, додека кај Негорски бањи и во близината на селото Смоквица се наоѓаат богати извори на термоминерална вода. Термоминералните води во овие месности се одликуваат со голема издашност, пријатна температура и богат минерален состав на водата. Во Негорски бањи постојат два хипертермални извори, со температура на водата од 41 и 36 целзиусови степени, како и термоминерално блатиште со температура од 400 степени.

Според пописот од 2002 година, во Општина Гевгелија живееле 22.258 жители. Според последниот попис од 2021 година, во општината живееле 19.778 жители. Во вкупното население, учеството на мажите и жените е речиси подеднакво, т.е. 11 420 се мажи (49,7 %), а 11 568 се жени (50,3 %). Во однос на старосната структура, 3 835 жители (16,7 %) се на возраст од 0 до 14 години, 16 498 жители (71,8 %) се на возраст од 16 до 64 години, а 2 648 (11,5 %) се постари од 65 години.

## 3.3 Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат

Сегашните проблеми со животната средина во Општина Велес и на предметното подрачје беа идентификувани преку анализа на постоечката состојба со животната средина и анализа на релевантната постоечка документација.

За изработка на Урбанистички план вон опфат на урбанистички план за локалитет “Блокотехна” КО Негорци, Општина Гевгелија потребно е да се определи ширината на крајбрежниот појас на Серменинска Река која граничи со опфатот на планот.

Серменинска Река граничи опфатот на планот во својот долен дел во близина на с. Мрзенци или во близина на својот влив во р. Вардар. Серменинска Река на делот каде граничи со опфатот е на катастарска парцела КП 4707/1 КО Негорци и граничи на опфатот од јужната страна. Согласно ваквата состојба на терен хидролошки е анализиран само сливот на Серменинска Река и тоа за точка чија локација е непосредно до мостот на автопатот А1 према граница со Р. Грција.

Сливот на Серменинска Река е релативно голем и до одредена точката 1 површината на сливот изнесува знесува 61.60 км$^2$. Самата река е со нестабилно/променливо кречно корито со количини на протоци со многу променлив карактер. Самиот водотек на реката во делот кој граничи со опфатот има широко корито од причини што конфигурацијата на теренот е рамничарска, а реката има голема сливна површина и знае да надојде со голема количина вода.

Согласно Законот за води при изработка на УПВНМ изработен е и Елаборат за определување на ширина на крајбрежниот појас на водотек - Серменинска Река чиј тек граничи со опфат на урбанистички план вон населено место за локалитет "Блокотехна” КО Негорци, Општина Гевгелија.

За определување на крајбрежниот појас на Серменинска река, потребно е да се изработи хидрауличка анализа на природно речно корито за 50 годишна вода со која се дефинира линијата на природниот водотек согласно Законот за води.

Врз основа на евидентирање на најосетливите елементи на животната средина во планскиот опфат кои се нарекуваат и елементи на Стратегиска оцена на животната средина (Елементи на СОЖС) се воспоставуваат цели на стратегиска оцена на животна средина (Цели на СОЖС) и се дефинирани можни индикатори за секоја цел.

Во процесот на Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина важно е да се види како, на кој начин, со која јачина и интензитет целите на планскиот документ влијаат врз целите на СОЖС со цел да се предвидат мерки за спречување на влијанијата и да се предложи соодветен план за мониторинг на индикаторите за секоја цел на СОЖС.

Проблем во општината претставува и управувањето со цврстиот отпад (опасен и неопасен).

Во општината дел од населението се занимава со земјоделство, па можни се проблеми со квалитетот на почвата и квалитетот на подземните води.

Проблем претствува и тоа што стопанските капацитети немаат свои мини-пречистителни станици и сите не се приклучени кон пречистителна станица така што голем дел од отпадните индустриски води нетретирани и неконтролирано се испуштаат во реципентите.

На следната табела се прикажани сегашните проблеми со елементите на животната средина:

Табела 1 - Сегашните проблеми со елементите на животната средина

| Елементи на Стратегиската оцена на животна средина | Проблем | Релевантно опфтен проблем |
|---|---|---|
| Воздух | Нарушен квалитет на воздухот од постоење на интензивна емисија од употреба на дрва како агенс за затоплување, зголемен сообраќај | x |
| | Не користење на обновливи извори на енергија | |
| Вода | Нарушен квалитет на подземните води од постоење на септички јами | x |
| | Недоволно планирање на промените во намената на земјиштето | x |
| Отпад | Постоење на диви депонии | x |
| Почва | Нарушен квалитет на почвата како резултат за исталожување на аеросedименти | x |
| | Деградација на почвите | x |
| Предел | Деградирани предели | x |
| Население | Појава на миграција | x |
| | Невработеност | x |
| Климатски фактори | Користење на огревно дрво за затоплување | x |
| | Не користење на обновливи извори на енергија | x |

Намена на земјиштето и инвентаризација на градежен фонд

Во локалитетот при инвентаризација на содржините и функциите на теренот евидентирани се површините кои се со намена согласно табелата и со следната процентуална застапеност:

| Ред. бр. | НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ | ха | % |
|---|---|---|---|
| 1 | Б - Комерцијални и деловни намени<br>Б6.2 Спортски сали за атлетски дисциплини, кошарка, ракомет, тенис | 0,61 | 2,57% |
| 2 | Г - производство, дистрибуција и сервиси<br>Г2 - лесна и незагадувачка индустрија<br>Г3 - сервиси<br>Г4 - стоваришта | 10,45 | 44,02% |
| 3 | Е - инфраструктура | | 5,58% |
| | Е1.1 - Сообраќајна површина (улица) | 1,29 | |
| | Е1.1 - Сообраќајна површина (тротоар) | 0,03 | |
| | Е1.8 Трафостаница | 0,002 | |
| 4 | НЗ - неизградено земјиште | 8,01 | 33,75% |
| 5 | РЕКА | 2,85 | 12,01% |
| 6 | ЗЕМЈАН ПАТ | 0,49 | 2,07% |
| ВКУПНО | | 23,74 | 100% |

Б - Комерцијални и деловни намени… 6105 $м^2$

Б6.2 Спортски сали за атлетски дисциплини,кошарка,ракомет,тенис ангажира

2.57 % од вкупната површина на планскиот опфат, односно 6105 $м^2$ од територијата во границите на планскиот опфат.

Г-Производство, дистрибуција и сервиси… 104483 $м^2$

Во рамките на границите на планскиот опфат–44.02% од просторот е ангажиран за производство, дистрибуција и сервиси. Евидентирана е основна класа на намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија

Е-Инфраструктура.... 13241$м^2$

Во планскиот опфат евидентирана е комунална инфраструктура и комунална супраструктура со 5.58% од вкупната површина на планскиот опфат

Река Серменинска.... 28515 $м^2$

Во планскиот опфат евидентирани  се канали за одводнување со 12,01% од вкупната површина на планскиот опфат

Земјан пат..... 4911 $м^2$

Во планскиот опфат евидентирана е Река Серменинска со 2,07% од вкупната површина на планскиот опфат

Неизградено земјиште...     80100 $м^2$

Друга категорија на земјиште на овој простор е неизградено земјиште со вкупна површина од 80100 $м^2$ или 33,75 % од територијата во границите на планскиот опфат.

*Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура*

За присутноста на постоечките инфаструктурни инсталации и нивните главни водови добиени се податоци и потврди од соодветните институции.

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Сообраќајна мрежа
- Водоводна мрежа
- Електрична мрежа
- Телекомуникациска мрежа
- Гасоводна мрежа Сообраќајна мрежа

Сообраќајна мрежа

Во опфатот предмет на овој план, Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона "БЛОКОТЕХНА" КО Негорци, Општина Гевгелија има построечка сообраќајна инфраструктура која не е во целост реализирана согласно планираната сообраќајна инфраструктура во Детален урбанистички план за зона на мало стопанство "Блоктехна", донесен со (Одлука бр.078-124/4 од 28.04.1994година).

Со уличната мрежа на индустриска зона "БЛОКОТЕХНА" опфатот е поврзан преку регионален пат Р1102 со с. Негорци и с.Мрзенци , а преку нив со Гевгелија.

Во границата на планскиот опфат, профилите на сообраќајници преку кои се пристапува до парцелите се:

- главна сообраќајница 2,0+7,5+2,0=11,5 м
- споредните сообраќајници 2,0+5,0+2,0=9,0 м

Хидротехничка инфраструктура

Согласно податоците од ЈП Комуналец, Гевгелија (допис бр.08-692/2 од 09.05.2025) во рамките на предметниот опфат има постојна водоводна и канализациона инфраструктура која е прикажана во графичкиот прилог и во ажурираната геодетска подлога каде се снимени шахтите. Атмосферска канализација нема, а атмосферските отпадни води слободно се сливаат по теренот во Серменинска река.

Електроенергетска мрежа

Согласно податоците од ЕВН (допис бр.10-55/4-58 од 31.01.2025 год.) во рамките на предметниот проектен опфат поминува 10(20) кВ надземен и подземен далновод во сопственост на ЕВН. Воедно има и една трафостаница 10(20)/0,4 кВ и 35кV подземна мрежа и 0,4 кВ подземна и надземна мрежа.

Согласно податоците од МЕПСО (допис бр.11-416/1 од 22.01.2025 год.) во рамките на предметниот нема инфраструкура во нивна сопственост.

Согласно податоците од ЕСМ (допис бр.08-732 од 05.02.2025 год.) во близина на предметниот опфат согласно Предфизибилити студија на Вардарска долина , изработена во 2017 година

планирани се идните локации на ХЕЦ Ѓавато 1, ХЕЦ Ѓавато 2, ХЕЦ Гевгелија 1 и , ХЕЦ Гевгелија 2 кои согласно Фиибилити студија која треба да се направи можна е промена на локациите согласно што треба да се има во предвид изградбата на истите.

Телекомуникациска мрежа

Согласно податоците од податоците од Македонски Телеком (допис бр. 68070 од 21.01..2025) на посочената локација има изградени електронски комуникациски мрежи и системи.

Гасоводна мрежа

Согласно податоците од НОМАГАС (допис бр. 08-208/2 од 17.01.2025 год) Нема постојна или планирана гасоводна инфраструктура

Инвентаризација на урбаното и другото зеленило во планскиот опфат

Во планскиот опфат нема јавни површини со постојно зеленило. Со увид на лице место евидентирано е само неуредено зеленило во рамки на неизграденото земјиште кое е претежно во државна сопственост.

## 4. Состојба без имплементација на планскиот документ

При реализација на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија плански период 2024-2029, се разгледува опцијата без да се спроведе планска активност, односно работите да останат непроменети, или во првобитна состојба.

Во овој случај реализацијата на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија се оценува како потребна и позитивна, од аспект на задоволување на потребите на сопствениците на градежните парцели и оформување на истите како просторно-функционални и естетски целини.

Идниот развој на планскиот опфат директно ќе влијае на социо-економската положба на населението, развој на општината и подобрување на квалитетот на живење во однос на економските параметри. Реализацијата на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија треба да се реализира под надзор и контрола на секој од планираните објекти со неминовно почитување на стандардите за животната средина.

При спроведување на планскиот документ секако треба да се земе во предвид сегашната состојба со најосетливите елементи на животната средина на планскиот опфат, односно еколошките проблеми.

Доколку реализацијата на планот остане на варијанта да не се спроведе Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија, односно не се реализира, се очекуваат следниве последици:

- Појава на некотролирани и некомпатибилни дејности (објекти со најразлични дејности), кои нема да бидат во согласност со одредбите на урбанистичкото планирање и заштитата на животната средина ;

- Слаб социо-економски развој и локална економија, економскиот статус на жителите во општината ќе стагнира, а очекувањето на нови инвестиции ќе биде неуспешно;

- Намалена можност за вработување на локалното население, што ќе резултира со понатамошно зголемување на стапката на невработеност на локалното насление;

- Пораст на миграција или иселување во поголеми градови други држави;

- Пределските карактеристики и биолошката разновидност ќе останат на сегашното постоечко ниво – според експертскиот елаборат на оваа локација не се евидентирани карактеристични видови на флора и фауна, нити пак некое заштитено подрачје или споменик на природата.

Изработен е и хидролошки елаборат за определување на ширина на крајбрежниот појас на водотек Серменинска Река чиј тек граничи со опфат на урбанистички план вон населено место за локалитет Блокотехна КО Негорци, Општина Гевгелија. Од определување на меродавниот крајбрежен појас елаборатот препорачува при изработката на урбанистичкото планирање во близина на крајбрежниот појас на Серменинска река да се води особено внимание за линијата на слободната водна површина за пресметаната 50 годишна вода и истата да се избегнува т.е. во рамки на линијата на природниот водотек да не се предвидуваат градежни активности, изградба на објекти или било какви други активности со кои се нарушува природното речно корито.

## 5. Алтернативи и чинители за избор на алтернатива

Планскиот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички план вон населено место за индустриска зона “БЛОКОТЕХНА” КО Негорци, Општина Гевгелија, го зафаќа во целост опфатот на Детален урбанистички план за зона на мало стопанство “Блокотехна”, донесен со (Одлука бр.078-124/4 од 28.04.1994година)

Градежните парцели во планскиот опфат се реализирани 58% , додека сообраќајната и комуналната инфарструктура се реализирани 42%

Причини што планот не е реализиран во целост се следни;

• Серменинска река е навлезена во опфатот на планот на сила, што е една од причините за потребата од нејзина регулација.

• Сообраќајната поврзаност со регионален пат е прекината поради изградба на автопат А1 , делница Смоквица -Гевгелија

Според заклучоците од анализата на постојната состојба, Планската програма и Просторниот план на РМ, можностите за просторен развој треба да се движат во следните насоки:

- Да се направи регулација на Серменинска река за да се реализираат дел од градежните парцели

- Да се прошири опфатот за 2,6 ха за да се овозможи уточнување на градежните парцели согласно сопственоста и регулацијата на Серменинска река

- Треба да се овозможи изградба на денивелиран патен јазоол за поврзување на опфатот со автопат А1.

- Дефинирање на заштитни коридори на инфраструктурните водови

- Рационално искористување на градежното земјиште

- Дефинирање на градежни парцели со површина за градење, процент на изграденост и коефициент на искористеност на просторот од аспект на намената, просторните можности на теренот, сопственоста и планскиот концепт

- Оптимално димензионирање и изградба на електро-енергетската инфраструктура

- Оптимално димензионирање и изградба на телекомуникациската инфраструктура

- Рационално користење на земјиштето и градбите со имплементација на услови за заштита и спасување и заштита на животната средина

Планот со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и подобра комунална инфраструктура, како и непречена реализација на планските одредби. За флексибилност на планот за класата на намена Г, се планира употреба на четири компатабилни намени Г2 , Г3 , Г4 и Е1.13 како алтернативни намени во рамките на градежните парцели согласно член 82 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 ,7/25 , 143/25 и 241/25) и тоа најмногу 30% од збирот на површината на градежните парцели со алтернативни намени за да не се смени карактерот на зоната, каде носителот на зоната е една од алтернативните намени.

# 6. Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина

Појавите кои како претпоставка може да се јават од имплементацијата на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија плански период 2024-2029, може да се анализираат од негативен и позитивен аспект. Извештајот за Стратегиска оцена ги зема во предвид влијанијата врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето како и влијанијата врз социо-економските можности во општина Гевгелија.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина не ги анализира поединечните развојни проекти, туку влијанијата врз медиумите на животната средина од глобален аспект. Значи, со извештајот се прави само проценка на можните негативни влијанија врз животната средина, додека во подоцнежните фази, преку Студиите за оцена на влијание врз животната средина или Елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска на основа на укажаните ризици се прават детални анализи и препораки.

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Се очекува проектов да има привремени и/или реверзибилни влијанија, со мала магнитуда и специфични само за конкретната локација. Влијанијата врз животната средина од проектните активности се разгледуваат во трите фази од изведувањето на проектните активности:

- Подготвителна фаза и
- Конструктивна фаза.

Активностите во секоја од овие фази може позитивно или негативно да влијаат врз животната средина, но акцентот во управувањето со животната средина главно се става на намалување на негативните влијанија. Особено се посветува внимание на влијанијата што може да бидат најзначајни или најсериозни.

Значењето на влијанијата е многу важен концепт, кој може да се оцени од повеќе аспекти:

- Локација на проектот;
- Обемот на проектот;
- Користење на ресурсите;
- Создавање на отпад;
- Големина на влијанијата врз животната средина;
- Времетраење на ефектите од влијанијата врз животната средина, дали ефектите се долгорочни или краткорочни;
- Видови на влијанија, дали се директни, индиректни и кумулативни влијанија;
- Дофат на влијанијата, дали ефектите се локализирани или далекусежни;
- Период на реализација на проектните активности, време од годината.
-

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население , социјалните и политички функции и во изградбата и уредување на нивните просторно физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата го

опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалаување на разликите помеѓу градот и селото.

Концептот на развојот и уредувањето на селските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;

- Интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организи- рање на активностите;

- Стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството

- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој

- Подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура

- Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици.

Планскиот опфат со намена лесна индустрија, сервиси, стоваришта за локалитет ’Блоктехна”, КО Негорци, Општина Гевгелија, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Просторниот развој на руралните населби, базиран на соодветна планска документација наметнува усогласување на истиот со планските решенија и насоки на Просторниот план на Република Македонија во сите сегменти на развојот, со особен акцент на она што значи стратешки решенија и насоки. Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна, односно:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија); - Изградбата на викенд населби, туристички комплекси, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели.

**Влијание врз населението, социо-економските услови и човековото здравје**

Со имплементацијата на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија плански период 2024-2029 се очекува позитивно влијание врз населението. Тие влијанија би биле долгорочни и опфаќаат:

- привлекување на нови инвестиции од страна на бизнис секторот (локални и странски инвестиции), кои ќе придонесат за унапредување, како на економијата на локално ниво, така и на национално ниво.

- можности за нови работни места во текот на конструктивната и оперативната фаза,

- општо подобрување на социо-економските услови.

Можни се влијанија врз здравјето на луѓето, во фазата на градежните работи, односно градење на објекти за домување, мали комерцијални и деловни дејности и стопански капацитети од типот на лесна и незагадувачка индстрија и комплетирање на постоечките инфраструктурни мрежи (сообраќајни мрежи, канализациски мрежи, трафостаници и др).

Влијанијата би се однесувале на влијание од зголемена бучава, издувни гасови од возилата, прашина, вибрации, отпад и др. Овие влијанија се оценуваат како незначителни негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење.

Во оперативната фаза влијанијата врз животната средина од реализацијата на планот се оценети како незначителни, имајќи ја во предвид класата на намена, лесна и незагувачка индстрија кои не спаѓаат во групата на значајни загадувачи на животната средина. Позитивно влијание врз населението и човековото здравје ќе има класата на намена заштитно зеленило.

Во текот на изградбата на поединечните деловни и инфраструктурни објекти, предвидени со овој плански документ, се очекуваат времени и локални влијанија во смисла на директни афектирања врз човековото здравје, како резултат на појавата на бучава, вибрации, емисии во воздухот од возилата, прашина итн. По реализацијата на планот и ставање на објектите во функција не се очекува негативно влијание врз човековото здравје. Интензитетот и обемот на влијанијата детално ќе бидат анализирани со изработка на соодветните студии за оцена на влијнието на проектите врз животната средина и елаборатите за заштита на животната средина.

**Влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух**

При имплементацијата на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија плански период 2024-2029, не се очекуваат значителни нарушувања на квалитетот на воздухот заради видот, природата и компатибилноста на планираните дејности. Тие не спаѓаат во групата на директни и големи загадувачи на животната средина и човековото здравје.

Во фазата на изградба може да се јави прашина и емисии на загадувачки материи во воздухот, кои може да се јават како резултат на планираните градежни активности при изведбата на објектите и дополнителните содржини предвидени со овој план, како и при изведбата на планираните инфраструктурни објекти.

Во оперативната фаза промени во квалитетот на воздухот може да настанат како резултат на зголемената фрекфенција на возила и поради загревање на објектите во зима, при што во најголем дел е на огревно дрво (зголемено ослободување на $SO2$, $NOx$ и суспендирани честички). Во оперативната фаза промени во квалитетот на воздухот може да настанат како резултат на работата на планираните индустриски капацитети.

Во оваа фаза не можат да се утврдат детално влијанијата врз животната средина, туку тоа ќе го предвидат студиите/елаборатите за влијанијата врз животната средина за секој објект поединечно.

**Влијание предизвикано од зголемена бучава**

Интензитетот на бучавата ќе биде зголемен во фазата на имлементација на планираните активности за инфраструктурно опремување на планскиот опфат и реализацијата на секој поединечен проект изградба на стопански објекти (лесна и незгадувачка индустрија, сервиси и стоваришта).

Во оперативната фаза на реализација на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија плански период 2024-2029, се очекува значително ниво на бучава, тоа може да биде предизвикано од зголемена фрекфенција на патнички возила за превоз на работниците и дистрибуција на стоките. Од работењето на поединечните објектите не се очекува некое поголемо ниво на бучава, но сепак нивото на бучава ќе се одреди при реализирање на секој објект поединечно и ќе се презентира во студиите/елаборатие за оценка на влијанијата врз животната средина.

**Влијание врз квалитетот на водите (површински и подземни)**

Со имплементацијата на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона "Блокотехна" КО Негорци, општина Гевгелија плански период 2024-2029, се предвидува намалување на загадувањето на водите, со предвидените активности за изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа.

Во фазата на изградба нема поголеми влијанија врз површинските и поземните води поради тоа што во близина на градежните зафати не се наоѓаат расположиви водени ресурси. Влијанија се можни доколку се врши неправилно управување со цврст отпад и негово одлагање во близина на водените тела. При доврШување на постоечката инфраструктура можни се емисии на прашина и создавање на градежен шут кои би можеле да имаат влијание врз површинските води, доколу работите се изведуваат неконтролирано и без надзор.

Во оперативната фаза, при технолошкиот процес на работа на објектите, како отпадни води, кои се појавуваат, се сметаат: водите од производствениот процес, водите од атмосферските врнежи, водите од одржување на хигиената на локациите и санитарната отпадна вода.

Подетално негативни влијанија треба да се предвидат со спроведувањето на оцена на влијанијата на проектот врз животната средина со студија или елаборат за секој објект поединечно.

**Влијание врз почвата**

Имплементацијата на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона "Блокотехна" КО Негорци, општина Гевгелија, може да предизвика негативни влијанија врз почвата во случај на несоодветно управување со отпадните води и генерираниот отпад.

Активностите за изградба на објектите, кои се предвидени со овој план во конструктивната фаза, може да ги нарушат геолошките карактеристики на почвата, како резултат на користење на тешка механизација и возила, транспортот и одлагање вишок на ископан материјал, одложување на градежниот отпад (шут) и др. При движење на возилата и тешката механизација може да дојде до збивање на почвата при што може да дојде до нарушување на природниот квалитет и намалување на плодноста на истата.

Во фазата на експлоатација не се очекуваат значителни негативни влијанија врз квалитетот на почвата, освен ако неправилно се управува и одлага отпадот.

Очекувани влијанија врз почвата, може да претставува неправилното третирање на отпадните санитарни води, како и отпадните атмосферски води, водите од испирањето на пополочените и асфалтираните површини, како и од неадекватното привремено одлагање на отпадот.

Како отпад кој што ќе се создава при постапката во процесите за работа планираните објекти е индустриски отпад и комунален и комерцијален отпад што го создаваат вработените, како и течен отпад во вид на отпадни води. Несоодветно складирање на отпадот што ќе се генерира како резултат на функционирањето на индустриските може да предизвика загадување на почвата. Исто така, таа може да се загади од несоодветно испуштање на технолошките отпадни води.

Во натамошната фаза на планирање / проектирање ќе се утврди методата на складирање на сите идентификувани видови отпад од урбаните опфати со што ќе се оцени дали овие влијанија ќе бидат значајни.

**Влијание врз пределот**

Предметното урбано подрачје не се карактеризира со посебни природни карактеритики и впечатливи пејзажи. Планскиот опфат не се карактеризира со некои посебни и впечатливи пејзажни и естетски карактеристики.

Реализацијата на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија, претставува една осмислена урбанизирана целина во која покрај градежните објекти се предвидени зелени површини со хортикултурно уредување.

Врз основа на Законот за земјоделско земјиште (Сл. весник на РМ, бр. 135/07), пренамена на земјоделско земјиште се регулира според член 49 од овој закон, кој вели дека при зафаќање на површини од I-IV бонитетна класа предвидени со Програмата за изработка на Урбанистички планови, единиците на локалните самоуправи (ЕЛС) се должни да прибават согласност за трајна пренамена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Деталните влијанија врз пределските карактеристики ќе бидат дефинирани во рамки на елаборатите/ студиите за оцена на влијанијата врз животната средина.

**Влијание врз културноисториско наследство**

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Негорци, која е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

Археолошки локалитет “Башот-Горна Корија”, Негорци, хеленистичко- римски период; Археолошки локалитет “Говедарникот”, Негорци, хеленистичко-римски период и среден век; Археолошки локалитет “Гурбиш”, Негорци, доцноантички период;

Црква Св.Атанасие, Негорци, 19 век; Црква Св.Недела, Негорци, 19 век

Во Археолошката карта на Република Македонија1, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се археолошките локалитети:

КО Негорци - Башот-Горна Корија, населба од римското време; Говедарникот, населба од хеленистичко и од римско време; Гурбиш, некрпола од доцноантичко време.

Според Просторниот план на Р. Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените локалитети со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата; планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;

измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство. Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Согласно допис од Министерство за култура, Управа за културно наследство со арх. Бр.17-331/2 од 24.01.2025 година во планскиот опфат не постои културно наследство ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат кулурно наследство. Во поширокото опкружување не се евидентирани објекти и споменички целини односно не постои конфликт од изградбата на планираните објекти.

**Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна)**

Во зоните во кои се планира реализација на објектите предвидени во Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија, не е идентификувано постоење на ендемични, загрозени видови од флората и фауната, како и карактеристични природни живеалишта, ниту заштитени подрачја.

Влијанијата врз флората и фауната ќе бидат негативни, но незначителни, а во зависност од обемот и времетраењето локални и долгорочни. Можни се мерки за компензација со кои ќе се влијае на намалување на овие влијанија во оперативната фаза на објектите.

Мерките за компензација на загубата на живеалиштата и боидиверзитетот ќе произлезат од Елаборатите за заштита на животната средина што ќе се изработуваат во натамошната фаза на планирање / проектирање.

**Влијание на отпад**

Се очекува градежните работи при изведувањето на објектите и инфраструктурата да произведат извесна количина на шут и друг градежен отпад кој ќе се транспортира и одлага на локација за интертен отпад што ќе биде посочена од страна на општинските служби.

Комуналниот и комерцијалниот отпад што ќе го создаваат вработените ќе има карактер на неопасен отпад. Овој отпад е во вид на отпадоци од храна, хартија и амбалажа, метал, стакло, пластика, гума, и друг мешан неопаен отпад.

Отпадот кој ќе се генерира во оперативната фаза, од функционирањето на објектите не може да се дефинира во овој момент, поради непознавање на точните видови на дејности, туку ќе биде категризиран во елаборатите/студиите за оцена на влијание врз животната средина од секој објект посебно.

**Влијание од несреќи и хаварии**

Можни несреќи и хаварии кои би настанале од имплементацијата на овој плански опфат е појава на пожар, елементарни непогоди и други хаварии. Во планскиот опфат се разработени мерки за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

Имплементацијата на планскиот документ може да има влијание од несреќи и хаварии кои може да бидат изразени преку:

- Ризик од електрична опасност
- Ризик од експлозија
- Ризик од пожар
- Ризик од земјотрес
- Метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди, поплави,
- Инциденти и хаварии предизвикани од најразлични дефекти и технолошки непогоди

Опасностите при користење на електрична енергија се познати, па поради тоа, ова прашање треба да биде еден од аспектите при проектирање и изведба на објектите во состав на урбаните опфати.

Ризикот од експлозија и пожар е присутен како во фазата на изградба и во оперативната фаза на планираната активност.

Обемот и интензитетот на влијанијата од несреќи и хаварии, како во фазата на изградба така и во оперативната фаза детално ќе бидат прикажани во соодветната документација за оцена на влијанието од активноста што ќе се изведува во рамките на планскиот опфат.

Природни катастрофи можат да бидат земјотресите, кои може да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Просторот каде е планирана изградба на стопанскиот комплекс се наоѓа во зона на очекувани земјотереси со интензитет од 9 степени според Меркалиевата скала. Како природна непогода или катастрофа претставуваат и поплавите и надоаѓањето на големи води, а од останатите метеоролошки појави кои може да имаат карактер на природни непогоди и катастрофи се: појава на град, луњени ветрови и магли.

Техничко-технолошки катастрофи, односно хаварии и несереќи може да се јават за време на работата на комерцијалните објекти. Поради тоа е потребно да биде изготвен план за управување со хаварии и несреќи кој ќе биде составнен дел во елаборатот, односно студијата за влијание на проектот врз животната средина и здравјето на човекот.

Исто така несреќи и хаварии може да бидат предизвикани од воени разурнувања и природни катастрофи. Меѓутоа, доколку во фазата на изградба на објектите се применат мерките, дефинирани во нормативно-правната регулатива за заштита од земјотреси, поплави, воени разурнувања, заштита од пожар и др. овие влијанија значително би се намалиле.

Влијанијата кои потекнуваат од несреќи и хаварии се оценуваат како неодредени и непредвидливи влијанија, со неодреден интензитет и времетраење.

Останати несреќи и непогоди кои може да се очекуваат, се незгоди предизвикани од природни појави (гром, интензивни врнежи и ветрови, поплави, високи температури, земјотреси) и тие имаат голем број на негативни влијанија врз почвата, ерозија на покривниот, завршен слој на отпадот, појавата на големи количини на исцедок и атмосферски води кои неконтролирано се излеваат во животната средина. Планот за безбедност и здравје при работа на работници кои работат на привремени мобилни градилишта согласно Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта ("Сл. весник на РМ" бр. 105.08) дава детална анализа на овие влијанија и Студиите/ Елаборатите согласно законската регулатива на нашата земја.

# 7. Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на Република Македонија (член 8) и е регулирана со Законот за животна средина, како и останатите закони и подзаконски акти кои се наведени во овој Извештај. Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план на Република Македонија, Националниот Еколошки Акционен План, секторски студии за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација, а кои е потребно да се испочитуваат во текот на подготовката на планската документација.

Влијанијата врз животната средина можат да варираат од незначајни до многу значајни и од краткорочни до долгорочни. Многу од влијанијата врз животната средина произлезени од проектните активности можат да бидат намалени преку имплементирање на ефективни мерки за ублажување. Мерките за ублажување можат да бидат ефективни само доколку се применуваат соодветно и доколку се воспостави следење на нивната имплементација, за да се осигура планираниот ефект на спроведената мерка.

Во текот на изведба на предвидените активности за санација се очекуваат одредени, умерени и временски ограничени негативни влијанија за кои е потребно да се предвидат соодветни мерки за спречување и намалување на можните негативни влијанија.

**Мерки за намалување на влијанијата врз човековото здравје**

Имплементацијата на планскиот документ се очекува да има умерено влијание врз населението. Идентификуваните потенцијални влијанија врз човековото здравје, односно здравјето на вработените во планираните објекти можат да бидат намалени, доколку се применуваат соодветни мерки. Вработените треба да бидат опремени со соодветна работна облека, и пропишаната лична заштитна опрема.

За време на изведувањето на градежните активности, се препорачува да се направи план на отпочнување и завршување на работите, да се внимава на работните дневни часови поради можноста за вознемиреност од бучава, да се користат нови машини технички исправни и небучни. Потребно е земјените работи да се изведуваат во несушни периоди или при тоа да се попрскува земјиштето/градилиштето со вода, за да не дојде до загадување на воздухот со прашина и цврсти честички.

По реализацијата на планот и ставање на објектите во функција не се очекува негативно влијание врз човековото здравје. Конкретните мерки за намалување и ублажување на негативните влијанија ќе бидат презентирани при изработка на соодветните студии / елаборати за оцена на влијнието на проектите врз животната средина и елаборатите за заштита на животната средина.

**Мерки за намалување на влијанијата врз социо-економската состојба**

Реализацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на социо-економската состојба на населението, ќе го подобри квалитетот на живеењето и ќе го зголеми стандардот на населението. Со планско уредување на просторот и реализација на предвидените плански решенија ќе се зголеми економската вредност на земјиштето и во негова непосредна околина, ќе се создадат услови за искористување на расположивата работната сила, економски раст и добросостојба на локалното население.

Реализацијата на овој плански документ, ќе овозможи и привлекување на нови инвестиции (локални и странски инвестиции), кои ќе придонесат за унапредување, како на економијата на локално ниво, така и на национално ниво.

Имплементацијата на планот позитивно ќе влијае на социо-економскиот развој и затоа не се препорачуваат мерки за заштита.

**Мерки за намалување на загадување и заштита на воздухот**

При имплементацијата на планскиот документ, не се очекуваат значителни нарушувања на квалитетот на воздухот заради видот, природата и компатибилноста на планираните дејности, кои не спаѓаат во групата на директни и големи загадувачи на животната средина и човековото здравје.

Во текот на изградбата на поединечните деловни и инфраструктурни објекти, потребно е земјените работи да се изведуваат во несушни периоди или при тоа да се попрскува земјиштето/градилиштето со вода, да не би дошло до намалување на квалитетот на воздухот со прашина и цврсти честички.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата на планскиот документ, се предлагаат следните мерки:

Користење на обновливи извори на енергија, како енергетски ресурси кои што се во директна насока на подбобрување на квалитетот на амбиентниот воздух. Поради одличната местоположба и големиот број на сончеви денови, при изработка на електро-енергетското решение на објектот/ите може да се размислува за инсталирање на сончеви панели/колектори на сончева енергија

Водење сметка за заштитата и обновувањето на постоечкото зеленило во изобилство, негово замена со ново на местата каде има потреба од тоа и засадување на нови зелени површини;

Мерки кои ќе придонесат за намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух како резултат на емисијата на издувни гасови од зголемената фреквенција на возилата, генерално се однесуваат на употребата на еколошки горива. Во однос на мерките кои се однесуваат на самата локација на комплексот и сообраќајниците кои поминуваат низ него, тие се вградени во сообраќајните плански решенија за формирање на заштитен зелен појас и хортикултурно уредување на комплексот.

Во оперативната фаза на комплексот, во однос на емисијата на загадувачки супстанции во воздухот од стационарните извори со согорувачки процеси (котли наменети за греење) како превентивана мерка претставува употреба на најсовремени енергенси (со низок NOx) и употреба на гориво со мала содржина на сулфур (екстра лесно масло). Исто така, генерално се препорачува користење на алтернативни извори на енергија (пример: сончеви колектори кои би биле ефикасни со оглед на климатските карактеристики на ова подрачје).

Деталните мерки за ублажување на влијанијата врз животната средина, ќе се дефинираат во студиите/елаборатите за влијанијата врз животната средина за секој објект посебно.

**Мерки за намалување на влијанијата врз климатските промени**

Со оглед дека се предвидува реализација на стопански комплекси со лесна и незгадувачка индустрија не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатски промени.

Се препорачува озеленување на дворните површини со високо и ниско зеленило, што значително ќе придонесе во микроклимата на овој дел.

Исто така, генерално се препорачува користење на алтернативни извори на енергија (сончеви колектори и сл.)

**Мерки за заштшита од бучава**

Содржините кои се предвидени со планот потребно е да се усогласени со Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните, од бучава.

Мерки кои се предвидуваат за спречување и намалување на бучавата се:

Подготовка и објавување на план на отпочнување и завршување на работите, во најголем дел градежните активности да бидат вон сезона;

Да се внимава на работните дневни часови поради можноста за вознемиреност од бучава (од 07.00-17.00);

Да се користат нови машини технички исправни и помалку бучни;

Постоечката и предвидената површина со заштитно зеленило во значителна мера може да придонесе за заштита и намалување на влијанијата од бучавата;

Обезбедување на заштитни зелени појаси и формирање на хортиклултурни насади во локалитетот.

Поединечните мерки за ублажување на влијанијата врз животната средина, ќе се дефинираат во студиите/елаборатите за влијанијата врз животната средина за секој проект подетално.

**Мерки за намалување на влијанијата врз почвата**

Во време на градежните активности потребно е контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, да не се вршат поголеми ископи од планираните, како и вишокот на земја да се искористи или да се врати и натапка. Градежниот шут треба да се одлага на привремени одобрени локации предвидени за таа намена кои после треба да се дислоцираат.

Во оперативната фаза треба да се забрани фрлање и неконтролирано одлагање на отпад. Потребна е контролирана употреба на пестициди и други хемикалии.

За спречување и намалување на влијанијата ќе бидат дефинирани поединечни мерки во елаборатот/студијата за оценка на влијанието врз животната средина за секој објект посебно.

**Мерки за намалување на влијанијата врз флората и фауната**

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја, надвор од заштитени подрачја како и заштита на природните реткости.

Во современото планирање на просторот, мерките и активностите за заштитата на природата се насочени кон активно уредување и заштита на природата и средината во која човекот живее и работи.

Доколку при изработка на урбанистичката документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18). Доколку при изработка на планската документација од пониско ниво се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое може да биде загрозено со реализација на планот, потребно е да се превземат мерки за заштита согласно со Закон за заштита на природата.

Бидејќи, не станува збор за подрачје кое изобилува со некои карактеристични и ендемични видови на флора и фауна, нити пак е евидентирано природн наследство, не е потребно предвидување на посебни мерки за заштита.

Генералните мерки кои можат да се предвидат со цел заштита на флората и фауната се:

- Формирање на заштитните зелени зони со висока и ниска вегетација и хортикултурно уредување на комплексот ќе има позитивно влијание врз флората на овој простор;

- Примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, отпадните води и отпадот, индиректно ќе се ублажат негативни влијанија врз флората и фауната;

- Примена на административни компензациони мерки, компензација на загубените хабитати и забрана за градење во репродуктивна зона;

Исто така, за намалување на влијанијата врз поедини видови од флората и фауната, се препорачува разгледување на мерки во постапката на оцена на влијанијата од секој поединечен проект, како и од секоја поединечна инфраструктурна активност, планирани во комплексот.

Како мерки за намалување на влијанијата се препорачуваат:

- внимателно изведување на земјените и градежните работи (ограничување на површината на градежните работи, контролирано отстранување на вегетацијата при расчистување на теренот и вршењето на ископи);
- контролирање на нивото на бучава и вибрации, водење сметка за репродуктивните периоди и вегетациските процеси;
- ограничување на опфатот на градилиштето на минимален потребен простор;
- користење на технички правилна и редовно контролирана и сервисирана градежна механизација и употреба на соодветни горива;
- ограничување, локализација на движењето на работниците во рамките на градилиштето со цел да се избегне нарушување на локалната флора и фауна;
- забрана за палење оган;
- почитување на прописите за управување со отпад.

**Мерки за намалување на влијанија врз пределот**

Предвидените активности во планската документација ќе бидат во насока на зачувување и подобрување на естетските потенцијали на пределот. Планската реализација со обезбедување на заштитни појаси со високо и ниско зеленило само ќе го надополни пределот во позитивна смисла. Затоа не се предвидени никакви мерки. Потребно е зачувување на естетските и природните карактеристики на просторот со примена на организиран систем за управување со отпадот, како и поставување на зелени заштитни појаси и хортикултурно уредување на просторот во самите градежни парцели. Градбите треба да се вклопуваат во амбиентот, односно не треба да бидат проектирани многу високи и габаритни.

**Мерки за намалување на влијанијата врз културното наследство**

Согласно Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) се уредуваат видовите, категориите, идентификацијата, начинот на ставање под заштита и другите инструменти за заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правата на сопственост на културното наследство во јавен интерес.

Во текот на реализација на предвидените површини од овој план, доколку се наиде на археолошки остатоци заради превземање на заштитни мерки, потребно е да се информираат службите надлежни за заштита на културно-историското наследство кои ќе пропишат посебни услови и режим за нивна заштита. При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот локалитет со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- Задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработка на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на споменициte на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство.

Доколку при вршење на активностите се појави некое наоѓалиште веднаш треба да се извести Заводот за заштита на културните споменици. Според член 37 од Законот за културно наследство, дефинирани се недвижните добра, задолжителен примерок, како културно наследство од големо значење, кое на надлежните институции и архивскиот материјал им се

дава како значајно културно наследство и подвижно културно наследство. За време на изведбата на работите доколку се најде археолошки локалитет, изведувачот е должен да постапи согласно со член 65, од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр: 20/04, 115/07) и да го пријави откритието според член 129 став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр: 20/04, 115/07), да престанат со работите и да се заштити откритието од евентуална штета и уништување, како и од неовластен пристап и одржување на откриените резултати на место и состојба како кога се пронајдени.

**Мерки за намалување на влијанијата од управување со отпад**

Со цел да се подобри начинот на управување со отпадот при процесот на изведба на градежните активности, и функционирање на пооделните објекти во опфатот, согласно законската легислатива во областа на управувањето со отпад, треба да се превземат следните мерки:

- Селекција и класификација на сите видови на отпад согласно Законот за управување со отпад ("Сл. весник на Р.М." бр. 216/21);
- Редовно сервисирање на возилата и механизацијата во текот на изведувањето на градежните активности со цел избегнување на евентуално истекување на моторно масло и/или гориво. Патничките возила да се сервисираат во овластени сервиси. Транспортните средства и возилата од проектот се одржуваат во овластени сервиси, зависно од типот, односно марката на возилото.
- Загадената почва со отпадни масла и/или горива (опасен отпад) при евентуално инцидентно излевање од механизацијата ќе се отстрани и предаде на Собирач за отпадни масла со договор за постапување, (кој има Дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад), согласно Правилникот за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадни масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците ("Сл. весник на Р.М." бр. 156/07).
- Договор со овластена компанија за собирање и понатамошно управување со различни видови отпад,
- Отпадот ќе се создаде при изведување на проектните активности како што се ископување, поставување на цевки, употреба на механизација и отпад произведен од работниците кои ќе ги изведуваат активностите. Отпадот кој ќе се создаде при изведување на проектните активности, воглавно се состои од: мешан комунален отпад, биоразградлив отпад (хумус), земјан материјал, моторни масла, загадена почва.
- Редовно сервисирање на возилата и механизацијата во текот на изведувањето на градежните активности со цел избегнување на евентуално истекување на моторно масло и/или гориво.

**Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на површинските и подземните води**

Во текот на изведбата на објектите може да биде загрозен квалитетот на подземните води, заради манипулацијата со градежните машини и другите градежни активности (земјени работи и слично). Подземните води може да бидат загрозени од евентуално испуштање на масти и масла од градежните машини во текот на изградбата. Заради фактот што овие влијанија беа карактеризирани какократкотрајни, но сепак организацијата на градилиштетот треба да обезбеди дека овие потенцијални влијанија ќе бидат сведени на минимум. Водите можат да бидат загрозени од несоодветно испуштање на отпадни води, од несоодветно постапување со отпадот и потенцијално зголемени количества на отпад. Особено е важно да се спречи отпадните води што ќе се зафаќаат од манипулативните површини (коловозот, паркинзите, одморалиштата итн.) да бидат испуштени директно во реципиент.

Со натамошните фази на планирање / проектирање, ќе бидат утврдени детални мерки за заштита на водите од изградбата и функционирањето на предвидените објекти.

**Мерки за намалување на влијанијата од несреќи, хаварии, пожари и природни катастрофи**

За намалување на можните влијанија предизвикани од несреќи и хаварии се препорачува имплементација на мерките дадени во планската документација, во фазата на изведба, што ќе овозможат минимизирање на евентуалните појави за несреќи и хаварии во оперативната фаза.

Со цел спречување на евентуална појава на хаварија на предметната локација неопходно е изготвување на План за безбедност и здравје при работа (согласно Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта - "Сл. весник на РМ" бр.105/08).

Реализацијата на предвидените мерки за заштита при работа е неопходна со цел да се избегне евентуална појава на хаварии, пред се пожари од поголеми размери кои би влијаеле негативно, како по работната, така и по животната средина, пред се поради: емисија на штетни полутанти во воздухот, материјални штети и човечки жртви.

Извршителите на градежните активности мора да бидат снабдени со соодветна опрема за лична заштита.

Поставување на ПП апарати во возилата и механизацијата кои ќе се употребуваат при активностите;

Обележување и осигурување на локацијата, согласно законските прописи од областа на безбедност и здравје при работа;

Поставување на сообраќајните знаци за дозволена брзина на движење на возилата и сл. Итните случаи се директно поврзани со несреќи и затоа следниве постапки се поврзани со целокупните реакции при итни случаи:

Обезбедени средства за прва помош и заштитна опрема за вработените;

Основна противпожарна опрема. Целокупната опрема ќе се одржува во добра оперативна состојба. Редовни контрола и сервиси на опрема за противпожарна заштита согласно законската регулатива.

Заради навремена заштита од пожар потребно е да се обезбеди доволно простор со цел да се обезбеди брз и непречен пристап во услови на пожар. Со сообраќајното решение во планската документација е предвидено решение кое во услови на пожар обезбедува пристап на противпожарно возило од повеќе страни.

Во општината има противпожарна едница, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект.

При подготовката на планската документација почитувани се пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14) и Законот за пожарникарство („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 81/07, 55/13 и 158/14), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Сл. Весник на РМ" бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари („Сл. Весник на РМ" бр. 31/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8° по МЦС.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотрес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла);
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- непречена интервенција;
- штетите да се сведат на минимум;
- брза санација на последиците.

**Мерки за ублажување на прекуграничните влијанија**

Нема потреба од дефинирање на прекугранични мерки, поради тоа што не се можни такви влијанија.

## 8. План на мерки за мониторинг на животната средина

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мерки за мониторинг на сите значителни идентификувани позитивни и негативни ефекти, кои би настанале од реализацијата на планскиот документ.

Планот за мониторинг на животната средина дава можност за системско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина се:

- Да се обезбдат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Да се има поголем увид во промените на животната средина на предметните локации;
- Да се потврди дека договорените услови при одобрување на планската документација се соодветно спроведени;
- Да се потврди дека влијанијата се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија одимплементацијата на планската документација и управување со истите;
- Да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанија врз животната средина

Со цел да се изврши мониторинг на ефикасноста на планскиот документ, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на Планот. За следење на индикаторите потребно е да се земат во предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следење на состојбата на животнта средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што се претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Следењето на состојбата на медиумите ќе се реализира со дефинирани параметри за следење на секој медиум и со дефинирана фрекфенција за секоја активност поединечно. Видот и фрекфенцијата на мониторинг ќе бидат предложени во студиите / елаборатите за

оцена на влијанијата врз животната средина од секој проект посебно. За мониторингот и мерките предложени за намалување на штетните влијанија врз животната средина ќе биде задолжена локалната самоуправа, односно локалните инспектори (санитарни, комунални, инспектори за животна средина и сл).

Основни цели на планот за мониторинг се:

- Подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот
- стандард;
- Заштита на животната средина со имплементација на Планот;
- Одржување на постојано ниво на флора и фауна;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на кавалитетот на почвата;
- Минимизирање на отпадот, рециклирање и негова повторна употреба;
- Минимизирање на појави од несреќи и хаварии.

Сепак, тоа најчесто се постигнува низ осмислени научни истражувања чија главна цел е да ги опишат процесите на екосистемите вклучувајќи ги и законите кои влијаат врз нив.

Еколошкиот мониторинг се однесува на последователни мерења во екосистемите со главна цел определување на трендови во компонентите, процесите или функциите.

Со секој предлог мерки за заштитата на животната средина потребно е да се изготви план за мониторинг на предложените мерки и мониторинг на животната средина. Во современото планирање на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Планот на мониторинг предвидува следење на следните параметри во животната средина:

- Следење на квалитетот и квантитетот на водите;
- Следење на квалитетот на водите;
- Следење на квалитетот на почвата;
- Следење на бучавата.

Со овој план ќе се овозможи:

- Потврда дека договорените услови при одобрување на проектот се соодветно спроведени;
- Управување со непредвидени влијанија и промени;
- Потврда дека влијанијата врз медиумите на животната средина се во рамките на предвидени или дозволени гранични вредности;
- Потврда дека со примена на мерките се врши заштита на животната средина, односно намалување на негативните влијанија.

Препораки:

- При носење на одлуки во постапките за усвојување Планот, да се почитуваат мислењата добиени од надлежните институции, засегнатите страни и засегнатата јавност;
- При изградба на новопланираните објекти да се користат енергетски ефикасни материјали;
- Редовно да се одржуваат системите за водоснабдување и одведување на атмосферските и колуналнуте отпадни води;
- При имплелемтација на Планот, посебно во градежата фаза да се применува добра градежна пракса;

- Урбанизацијата и просторниот развој да се усогласи во согласност со чувствителноста на локацијата подложна на природни непогоди, воени дејствија, технолошки несреќи;
- Преземање на компензациони мерки во случај на направени штети со кои е засегнато населението, нивното здравје и безбедност;
- Примена на мерките предложени во планската документација Извештајот за СОЖС кои предвидуваат мерки за ефикасно користење на просторот, намалување на емисиите во животната средина, со цел избегнување на директните и индиректните ефекти врз медиумите и областите од животната средина и населението, особено мерките за намалување на нивото на бучава, заштита на водите, како и мерките за заштита од несреќи и хаварии.

## 8.1 План за мониторинг на животната средина

Мониторинг на состојбата на животната средина се врши преку:

Систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина;

Идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и области на животната средина.

Планот за спроведување мониторинг, опфаќа:

Редовно следење на емисиите и влијанијата врз животната средина од изворот на загадувањето, на начин кој е предвиден со посебните закони;

Редовно следење на имисиите во непосредна близина на изворите на загадување определени со посебните закони или прописите донесени врз основа на овој закон;

Редовно следење на искористувањето на природни богатства, на начин што е предвиден со законот или соодветниот пропис.

Со реализација на Планот за мониторинг на животната средина ќе се обезбедат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина (воздух, вода, почва), како и следење на примената на мерките за ублажување и ефектите од примената на истите. Планот од друга страна претставува алатка во корист на надлежните институции, која овозможува полесна контрола на процесот на спроведување на законската регулатива, со цел донесување правилни одлуки.

Деталноста и обемот на планот за мониторинг зависат од присуството на чувствителни рецептори, веројатните позначителни влијанија врз животната средина и опсегот и природата на отпадот на местото.

При изработката на програмата за мониторинг во животната средина, земени се во предвид препораките на консултантите, техничкиот дизајн во основните проекти и реалната состојба и е изготвена програма за мониторинг.

*План за мониторинг на спроведување на мерките за заштита на животната средина*

| **Кој**<br>*Параметар треба да се следи?* | **Каде**<br>*е параметарот што треба да се следи?* | **Како**<br>*треба да се следи параметарот (што и како треба да се мери)?* | **Кога**<br>*треба да се следи параметарот (време и честота)?* | **Кој**<br>*треба да го следи параметарот (одговорност)?* | **Колкав**<br>*е трошокот поврзан со следењето?* |
|---|---|---|---|---|---|

| **Фаза на изведба** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Безбедност при работењето и на заедницата на проектните локации | Во рамките на проектното подрачје | Визуелни проверки и извештаи<br>Ненајавени инспекции во текот на работите | Ненајавени контроли во текот на работите | Надзор<br>Изведувач | Вклучен во проектниот буџет |
| Безбеден тек на сообраќајот во проектните подрачја на Фаза на изведба согласно Планот за управување со сообраќајот | Долж и околу проектните подрачја во Општина Гевгелија | Визуелни проверки и извештаи;<br>Проверка на документација во поглед на тоа:<br>- дали се известени сите надлежни власти,<br>- дали се обезбедени сите неопходни дозволи и одобренија,<br>Визуелни проверки на транспортот на материјали, коридори и премини за пешаците, регулација на сообраќајот, итн. | Во текот на активностите | Изведувач, Надзор | Вклучен во проектниот буџет |
| Собирање, транспорт и трајно | На и околу проектните локации во Општина Гевгелија | Визуелно следење и инспекција на транспортните листи на | Секојдневно, по собирањето и превозот на цврстиот отпад | Изведувач; Надзор на активностите; | Дел од редовните |

| **Кој** *Параметар треба да се следи?* | **Каде** *е параметарот што треба да се следи?* | **Како** *треба да се следи параметарот (што и како треба да се мери)?* | **Кога** *треба да се следи параметарот (време и честота)?* | **Кој** *треба да го следи параметарот (одговорност)?* | **Колкав** *е трошокот поврзан со следењето?* |
|---|---|---|---|---|---|
| одлагање на отпад, во согласност со планот за управување со отпадот | | Изведувачот | Цврстиот отпад не треба да се остава на градежните локации, за да се избегне негативно влијание врз локалната животна средина | Изведувач, Надзор, Овластен инспектор за животна средина | трошоци на Изведувачот |
| Собирање и превоз на опасниот отпад според Планот за управување со отпад | На привремената безбедна локација на градежните локации, во засебни метални покриени контејнери за отпад | Инспекција на транспортните листи и на условите во складиштето | Пред транспортот на опасниот отпад | Изведувач, Надзор, Овластен инспектор за животна средина | Дел од редовните трошоци на Изведувачот |
| Нивоа на бучава и вибрации | На и околу проектните локации во Општина Гевгелија | Пратење на состојбата и мерење и анализа на бучава | Во случај на поплака или на негативен инспекциски наод | Изведувач, Надзор, Овластено друштво за мерење на нивото, обезбедено од Изведувачот; Овластен инспектор за животна средина | Дел од редовните трошоци на Изведувачот |
| Загадување на воздухот Параметри за прашина и честички | Во рамките на проектните локации | Земање примероци од страна на овластена агенција | Во случај на поплака или на негативен инспекциски наод | Надзор Изведувач | Буџет на Изведувачот |
| Загадување на воздухот Параметри за прашина и честички | Во рамките на проектните локации | Визуелна проверка на дневно ниво | На дневно ниво, за веме на изведба на активностите | Надзор Изведувач | Буџет на Изведувачот |

| **Кој**<br>*Параметар треба да се следи?* | **Каде**<br>*е параметарот што треба да се следи?* | **Како**<br>*треба да се следи параметарот (што и како треба да се мери)?* | **Кога**<br>*треба да се следи параметарот (време и честота)?* | **Кој**<br>*треба да го следи параметарот (одговорност)?* | **Колкав**<br>*е трошокот поврзан со следењето?* |
|---|---|---|---|---|---|
| Загадување на водата<br>Во проектниот опфат Општина Гевгелија | Покрај реките, речните корите во близина на проектов (проектниот опфат) | Визуелни проверки за да се утврди дали отпадот се фрла близу / во реката, речното корито | Редовно | Изведувач<br><br>Надзор | Дел од редовните трошоци на Изведувачот |
| Загадување на почвата<br>Во проектниот опфат Општина Гевгелија | Покрај реките, речните корите во близина на проектов, проектниот опфат | Визуелни проверки за да се утврди дали има истекувања на почва или речното корито | На дневно ниво, за веме на изведба на активностите | Изведувач<br><br>Надзор | Дел од редовните трошоци на Изведувачот |

# 9. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОК

Со Законот за животна средина (“Службен весник на РМ” бр. 53/2005, 24/2007 и 159/2008 година) и релевантните подзаконски акти, дефинирана е постапката за Стратегиска оцена на животната средина.

Реализацјата на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитивање и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина. Вградувањето на аспектите на животната средина при процесот на урбанистичкото планирање и партиципативната демократија која вклучува учество на јавноста при стратешко планирање и развој на општина Велес се основни начела за изработка на урбанистичката планска документација.

Со цел навремено да се согледаат можните негативни влијанија врз животната средина, социо-економскиот развој и здравјето на луѓето, како и да се превземат соодветни корективни мерки, согласно член 65, став 2 од законот за животна средина (“Службен Весник на РМ” бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007 и 159/2008 година) се налага потребата од спроведување на Стратегиска оцена на животната средина од реализирање на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија плански период 2024-2029. За да може оцената на влијанијата врз животната средина од планови и програми содветно да се имплементира, потребна е меѓуресорска соработка. Во процесот треба да бидат вклучени засегнатите страни, вклучувајќи го Министерството за транспорт и врски, Општина Гевгелија, другите надлежните министерства, невладиниот и приватниот сектор.

Извештајот за стратегиската оцена на животната средина содржи информации за целите на животната средина утврдени со релевантни стратегии, планови и програми, а кои имаат допирни точки со анализираната урбанистичка планска документација.

Овој Извештај исто така ги опишува целите на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија, неговата содржина, опфат и предмет. Се утврдува состојбата на животната средина на подрачјето и во неговото пошироко окружување, со цел идентификација на можните повредливи медиуми за кои особено треба да се води сметка при реализацијата на планскиот документ. Се разгледуваат и алтернативи во однос на локациите на зоната, намената на користење на земјиштето и стандардите за животна средина што би можеле да се применуваат.

Целта на постапката за стратегиска оцена на животната средина е идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето кои би произлегле со имплементација на планскиот документ. Постапката се спроведува уште во фазата на планирање со цел сите идентификувани влијанија, односно соодветните мерки за елиминирање или контрола на влијанијата, да се предвидат во најраната фаза на подготовката на документот.

Целата на изработка на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона “Блокотехна” КО Негорци, општина Гевгелија, е да се создадат услови за планирање на организирани простори за градба кои ќе бидат реализирани од страна на корисници и сопственици на земјиштето и локалната самоуправа. Главната цел на изработка на планската документација е планирање и изградба на зони за домување, за мало стопанство и лесна индустрија, јавни институции, инфраструктура и зеленило во град Велес во согласност со потребите и барањата на локалната самоуправа.

Обезбедување услови за порационално искористување и уредување на просторот за градба на објекти од типот на објекти за домување, објекти за лесна и незагадувачка индустрија,

јавни институции, запазување на заштитното зеленило, како и регулирање на сообраќајната, комуналната, односно водоводната и енергетската инфраструктура;

Обезбедување поголема искористеност на земјиштето преку максимално користење на парцелите спрема важечките параметри;

Збогатување на просторот со нови содржини во функција на равој на стопанството и локалната економија;

Реализацијата на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона "Блокотехна" КО Негорци, општина Гевгелија, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

Ваквата идеа за развој на зоната за мало стопанство е во духот на преложениот концепт за интегрален и децентрализиран стопански развој. Ефикасната инфраструктурна опременост на овој простор и неговата поврзаност со околните населби треба да биде фактор за афирмација на комплексот, но и фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото окружување. Предвидена е наменски употреби на земјиштето односно, односно класи на намени – конкретни поединечни намени.

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање и градежна парцела содржат детални податоци за условите за градење и служат за спроведување на планот со непосредно изготвување на извод од планот и решение за локациски услови. Овие услови се сумирани и пресликани во овој Извештај за стратегиска оцена на животната средина. Предвидениот концепт се надоврзува на намените кои веќе постојат на самиот локалитет, со тоа што истите само се прошируваат и надополнуваат со намени кои имаат сместувачки карактер.

Согласно одредбите на Просторниот План на Р. Македонија за рационално користење и заштита на просторот, идниот развој и разместеност на производните дејности на овој простор треба да се базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната средина.

Во извештајот за стратегиска оцена на животната средина разгледани се моменталната состојба на животната средина и што највројатно би се случило доколку не дојде до имплементација на планскиот документ/најверојатната еволуција без имплементција на стратегијата, планот или програмата. Во анализираниот случај, состојбата без имплементација на планскиот документ е оценета како непогодно решение за одржливиот развој на Општина Гевгелија.

Во извештајот е даден опис на веројатните влијанија на планскиот документ врз медиумите и областите на животната средина и врз социо-економските и демографските карактеристики, а исто така се предвидени и мерки за спречување, ублажување или отстранување на негативните влијанија. Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, ги разгледува негативните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина и мерките за ублажување на негативните влијанија во поширок обем, а изведбата на секој планиран објект (проект) е предмет на разгледување на постапка за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина како следна фаза.

Демографските карактеристики и човековото здравје - реализацијата на Планот ќе има незначителни негативни и краткотрајни влијанија врз здравјето на луѓето при изградбата, и според тоа се предвидени соодветни мерки за намалување на влијанијата: контрола на интензитетот на бучавата и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух;

За социо-економската состојба, Планот ќе има позитивни долгорочни влијанија врз социо-економската состојба и поради тоа не се предвидуваат мерки за намалување на влијанијата;

Квалитетот на амбиентниот воздух - реализацијата на Планот ќе има незначителни негативни влијанија врз здравјето на луѓето при изградбата и во оперативната фаза, и поради тоа се предвидени соодветни мерки за намалување на влијанијата: примена на јавен транспорт за вработените, користење на еколошки горива, контрола на испуштање на издувни гасови од технолошкиот процес, користење на природниот гас, зелени заштитни појаси;

Бучава и вибрации - зголемен интензитет на бучава и вибрации ќе се појави во фазата на изградба, додека за време на оперативната фаза интензитетот на бучавата е намален, а појава на вибрации не се очекува. Предвидени се соодветни мерки за намалување на влијанијата од бучава: ограничување на дневните работни часови, поставување на заштитни зелени појаси, користење на технички исправна и помалку бучна опрема;

Квалитет на површинските и подземните води, предвидени се генерални мерки за спречување на негативните влијанија при реализацијата на планскиот документ;

Почвата – доколку се применува системот на ефикасно управување со отпадот во цврста и течна состојба, не се очекуваат негативни влијанија врз водите со реализација на планскиот документ, а се предлага примена на мерки за намалување на влијанијата кои ќе бидат утврдени при изработка на елаборатот за заштита на животната средина;

Биодиверзитетот (флора и фауна) – реализацијата на планскиот документ нема да предизвика позначајни негативни влијанија во глобални рамки, бидејќи на предметното подрачје не се евидентирани ендемични видови и заштитени подрачја;

Пределските карактеристики – адекватно уредување на просторот, унапредување на естетските вредности, зачувување на пределските карактеристики, рационално користење на природните ресурси;

Културното наследство не е евидентирано во непосредна близина на планскиот опфат.

Управувањето со отпадот со соодветен ефикасен систем за управување дефиниран со секој пооделен проект;

Согласно Законот за одбрана, Законот за заштита и спасување и Законот за управување со кризи, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување од есреќи и хаварии;

Планот за мониторинг ќе обезбеди податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина, како и следење на примената на мерките за ублажување и ефектите од примената на истите, односно овозможува следење на состојбата на животната средина преку:

Здравје на луѓето;

Квалитет на амбиентен воздух;

Ниво на бучава;

Ниво на вибрации;

Квалитет на површински води;

Квалитет на подземни води;

Квалитет на почва;

Отпадни води;

Создавање и управување со отпад;

Состојба на биодиверзитетот (флора и фауна);

Хаварии и несреќи

*Заклучоци и препораки*

Заклучоци и препораки кои беа дефинирани при изработката на извештајот за стратегиска оцена на животната средина:

Примена на насоките и елементите за изработка на просторни и урбанистички планови од аспект на заштита на животната средина и примена на мерките и активностите за рационално користење и заштита на просторот, дефинирани во планската документација;

Спроведување на Планот за мониторинг, со кој ќе се добијат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина и следење на ефектите од примената на мерките за ублажување на негативните влијанија;

Спроведување на процедурата за информирање на јавноста и организирање на јавна расправа;

Реализацјата на Урбанистички план за вон населено место за индустриска зона "Блокотехна" КО Негорци, општина Гевгелија, се очекува да предизвика позитивни влијанија и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитивање и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина. Вградувањето на аспектите на животната средина при процесот на урбанистичкото планирање и партиципативната демократија која вклучува учество на јавноста при стратешко планирање и развој на општина Гевгелија се основни начела за изработка на урбанистичката планска документација. Реализацијата ќе придонесе за социјален, економски и инфраструктурен развој на општината, заштита на животната средина и зајакнување на локалната власт и довербата на населението, рамномерен економски регионален развој и привлеување на можни инвестиции.

# 10. Прилози

ПОДАТОЦИ И ИНФОМАЦИИ ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

Прилог 1 Решение за услови за планирање на просторот

Прилог 2 Услови за планирање на просторот

Прилог 3 Извод од просторен план – користење на земјиштето

Прилог 4 Извод од просторен план – систем на населби и сообраќајна мрежа

Прилог 5 Извод од просторен план – водостопанска и енергетска инфраструктура

Прилог 6 Извод од просторен план – реонизација и категоризација на просторот за заштита

Прилог 7 Местоположба на локацијата и ружа на ветрови

Прилог 8 Извод од ДУП

Прилог 9 Одговор од НОМА ГАС Скопје

Прилог 10 Мислење од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје

Прилог 11 Мислење од Македонски Телеком АД

Прилог 12 Мислење од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје

Прилог 13 Мислење од Агенција за цивилно воздухопловство

Прилог 14 Одговор од АД МЕПСО

Прилог 15 Мислење од Управа за заштита на културно наследство

Прилог 16 Мислење од ЈПДП

Прилог 17 Мислење од ЕСМ

Прилог 18 Мислење од МЖСПП од аспект на заштита на водите

Прилог 20 Одлука и решение за спроведување СЕА

Прилог 21 Предлог план и план за намена на земјиштето

Прилог 22 Уверение за положен стручен испит за стекнување статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

## Прилог 1 – Решение за услови за планирање на просторот

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. УП1-15-1748/2024
Дата/Data: 22-11-2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23 и 171/24), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Bazuar në nenin 42, paragrafi (1) dhe paragrafi (9) të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24), dhe në lidhje me nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e Planit Hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), ministri i mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor nxjerr vendimin e mëposhtëm:

**РЕШЕНИЕ**
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Гевгелија се издаваат Услови за планирање на просторот со намена лесна индустрија, сервиси, стоваришта за локалитет Блоктехна , КО Негорци, Општина Гевгелија.

Површината на планскиот опфат изнесува 23,72 Ха.

Планскиот опфат се граничи со опфати за кои што веќе има издадено Услови за планирање на просторот со тех.бр.:

- Y34210 – за изградба на хотелско угостителски објекти, спорт и рекреација на КП 3949, КП 4015, КП 4016/1, КП 4016/2, КП 4019, КП 4020, КП 4021, КП 4022, КП 4023, КП 4024, КП 4025, КП 4026, КП 4027, КП 4028, КП 4663, КП 4665, КП 4667/1, КП 4667/4, КП 4669, КП 4670, КП 4671, КП 4673, КП 4674/1, КП 4671/5 и КП 4674/8, КО Негорци, Општина Гевгелија.
-

**AKTVENDIM**
për Kushtet për planifikimin hapësinor

1. Me këtë Aktvendim, Komunës së Zhelinës i lëshohen Kushtet për planifikimin hapësinor me destinim industri të lehtë, shërbime dhe depo për lokacionin Bloktehna, KK Negorci, Komuna e Gjevgjelisë.

Sipërfaqja e hapësirës së planifikuar është 23,72 ha.

Plani i përfshirjes kufizohet me zona për të cilat tashmë janë lëshuar Kushte për Planifikimin e Hapësirës me nr. teknik.

- Y34210 – për ndërtimin e objekteve hotelierike dhe ushqimore, sport dhe rekreacion në PK 3949, PK 4015, PK 4016/1, PK 4016/2, PK 4019, PK 4020, PK 4021, PK 4022, PK 4023, PK 4024, PK 4025, PK 4026, PK 4027, PK 4028, PK 4663, PK 4665, PK 4667/1, PK 4667/4, PK 4669, PK 4670, PK 4671, PK 4673, PK 4674/1, PK 4671/5 dhe PK 4674/8, KK Negorci, Komuna e Gjevgjelisë.
-


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

- Y13719 – наменети за изработка на Локална урбанистичко – планска документација со основна класа на намена Е2- полигон за обука на возачи, на КП 4674/9, КО Негорци, Општина Гевгелија.

- Y19024 – наменети за хангари за земјоделски машини и складишта за материјали за земјоделски производи на КП 2588/1, КП 2600, КП 2601, дел од КП 2623, КП 2602 и КП 2596, КО Негорци, Општина Гевгелија.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.
Условите за планирање на просторот треба да предствуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладснoст со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y35824 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена лесна индустрија, сервиси, стоваришта за локалитет Блоктехна , КО Негорци, Општина Гевгелија, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

- Y13719 – të destinuara për përgatitjen e dokumentacionit lokal urbanistik, me klasën e parë të përdorimit E2 - poligon për trajnim të shoferëve, në KP 4674/9, KK Negorci, Komuna e Gevgjeli

- Y19024 – të destinuara për hangarë për makineri bujqësore dhe magazina për materialet e produkteve bujqësore në PK 2588/1, PK 2600, PK 2601, pjesë e PK 2623, PK 2602 dhe PK 2596, KK Negorci, Komuna e Gevgjelisë.

Lloji i dokumentacionit planifikues duhet të përputhet me Ligjin për planifikim urbanistik dhe Rregulloren për planifikim urbanistik.

Kushtet për planifikim hapësinor duhet të paraqesin parametra hyrës dhe udhëzues për planifikimin e hapësirës, vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat që kanë të bëjnë me planifikimin hapësinor në dokumentin përkatës planor, konform Planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

2. Kushtet për planifikimin hapësinor nga pika 1 e këtij Aktvendimi, të përgatitura nga Agjencia për Planifikim Hapësinor me numër teknik U35824, janë pjesë përbërëse e Aktvendimit.

3. Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim industri të lehtë, shërbime dhe depo për lokacionin Bloktehna, KK Negorci, Komuna e Gjevgjelisë, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime, zgjidhje dhe vëzhgime përmbyllëse me veprimtari obligative nga dokumentacioni planor i nivelit më të lartë dhe shtojca grafike që paraqesin Ekstrakt nga plani.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стрикното органичување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

